Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 април 2021 година

**Скопје, април 2021 година**

**З А П И С Н И К**

**од Шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 април 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Снежана Нацаковска и Оливера Нечовска, државни советници од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, како и Билјана Пецовска - нотар.

На седницата не учествуваше членот на Владата д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 64-та седница на Владата, одржана на 6 април 2021 година

- Усвојување на Записникот од 65-та седница на Владата, одржана на 13 април 2021 година

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  \- Агендата Европа дома (статус 27.4.2021 година)

- Статус на реализација на капиталните инвестиции

  \- Известување во врска со постапување по Заклучокот од 66-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 април 2021 година, кое се однесува на Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија, со консолидирана табела

  \- Известувањето во врска со постапување по Заклучокот од 66-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 април 2021 година, кое се однесува на Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 март 2021 година, со табеларен преглед

*

*          *

1. Записник од Триесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 26 април 2021 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 26 април 2021 година

2. Предлог-акциски план за формирање на задолжителни резерви 2021-2022

3. Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2020 година, со Предлог-одлука

4. Информација за воведување нова бескаматна кредитна линија „Ковид 4" со грант компонента

5. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1876/4)

6. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1918/1)

7. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1883)

8. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1877/2)

9. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1884)

10. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1876/1, со Имотен лист бр.47513)

11. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1876/1 со Имотен лист бр.46352)

12. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1936/1)

13. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1939)

14. Информација во врска со грижата за објект во заедничка сопственост што го користат ЕЛС Општина Велес и повеќе подрачни единици на министерства, органи на државна управа и агенции и Барање финансиски средства за реконструкција на кровот на истиот објект, со дополнување

15. Предлог-одлука за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за проектирање, инжинеринг и трговија „Тим-Инжинеринг“, ДООЕЛ Скопје

16. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за изградба и управување со соларни централи „ДИМ-МТ “, ДОО Скопје

17. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за изградба и управување со енергетски централи „КЕР-АЗ“, ДООЕЛ Скопје

18. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија „Ген-и сонце“, ДООЕЛ Скопје

19. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија „Ген-и сонце“, ДООЕЛ Скопје

20. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија „Ген-и сонце“, ДООЕЛ Скопје

21. Информација за креирање на билатерални канцеларии за младинска соработка меѓу Република Грција и Република Северна Македонија

22. Информација за добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија за прифаќање на Барањето „Pfizer SRB“, d.o.o, Beograd за отпочнување на постапка за добивање на одобрение за ставање на лек во промет за вакцината COMIRNATY/КОВИД-19 mRNA Vaccine (nucleoside modified)

23. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

24. Информација во врска со Предлог-стандардни оперативни процедури за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства, со Предлог-стандардни оперативни процедури (СО)

25. Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година

26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка

27. Информација во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на „ТАВ Македонија" за 2020 година за Меѓународниот аеродром Скопје, со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на „ТАВ Македонија за 2020 година за Меѓународниот аеродром „Скопје"

28. Информација за Нацрт-годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2020 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2020 година, со Нацрт-акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година

29. Информација за потребата од склучување на Договор за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави–САД

30. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Акционерско друштво за промет на стоки „Текстил", Гази Баба - Скопје, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство и трговија „МАРГО", Илиевски Тони, ДООЕЛ извоз-увоз Битола, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДТТУ „Тео Транспорт", ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул. „АСНОМ" бр. 33-14, Скопје-Аеродром, со Предлог-одлука

33. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДТТУ „Тео транспорт", ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул. „АСНОМ" бр. 33-14, Скопје-Аеродром, со Предлог-одлука

34. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б3-големи угостителски единици КО Дихово-вонград, Општина Битола, со Предлог-одлука

35. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Ранковце, за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени,

В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Ранковце, Општина Ранковце, со Предлог-одлука

36. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог–одлука

37. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (производство на електрична енергија од обновливи извори биогас со капацитет од 1MW) КО Големо Коњари 1, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

38. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог – одлука

39. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на бензинска пумпна станица покрај Р 1303 Прилеп-Македонски Брод-Кичево КО Ропотово, Општина Долнени, со Предлог-одлука

40. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Трпејца, Општина Охрид, со Предлог-одлука

41. Информација за одржување на Дванаесеттата седница на Мешовитата комисија по Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија

42. Информација во врска со Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустриски комбинат Силекс АД-Кратово, со Предлог–одлука

43. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с.Впрчани“, Општина Прилеп, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с.Впрчани“, Општина Прилеп бр.45-7595/1-19 од 6.10.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.243/20), со Предлог–решение

44. Информација за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, со Предлог–одлука

45. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел „Ливија“ - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

46. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Негорски бањи“– Негорци, Гевгелија, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

47. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Солун–Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

48. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел ресторан „Ваго“, Штип, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

49. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од мотел ресторан „Ваго“ (со седиште на ул. нас. место без уличен систем Крупиште, Карбинци, за мотел од петта категорија со една (1) ѕвезда), со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

50. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Панорама, Делчево (со седиште на ул. „Никола Јонков-Вапцаров“ бр. 15, Делчево, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

51. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Бон Бон Ресорт и Спа“, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

52. Информација во врска со определувањето на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката, со Предлог–одлука

53. Информација за потпишување на Меморандум за стратешко партнерство за заеднички пристап кон реализација на Македонски енергетски форум меѓу Владата на Република Северна Македонија и ЗИП Институт за политики и добро владение, со текст на Меморандум за стратешко партнерство за заеднички пристап кон реализација на Македонски енергетски форум

54. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција

55. Предлог на закон за ратификација на Договорот на НАТО за соопштување на техничките информации во одбранбени цели

56. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика, со Нацрт-текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

57. Информација за идните активности на институциите на Република Северна Македонија поврзани со работењето на Францускатa агенција за развој, на Пропарко и на Експертиза Франција

58. Информација за потребата од изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

59. Информација за статусот на софтверот е-Инспектор и план за одржување и развој на софтверот

60. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Trojan Footprint 21", на територија на Република Бугарија, со Предлог-одлука

61. Информација за испраќање на еден припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежба „SABER GUARDIAN 21" како дел од кампањата на вежби во Централна и Источна Европа под името „DEFENDER EUROPE 21", со Предлог – одлука

62. Информација за исплати на награди (бонуси) на вработените во јавните здравствени установи за период од 9 месеци

63. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (објекти на Државен студентски дом Скопје, кои се наоѓаат на бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" бр.26 б, Скопје, КП 1186 и КП 1189, КО Гази Баба)

64. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија 08-5669/1

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје (патничко моторно возило)

66. Информација за формирање на работна група за изработка на Национална програма за физички активна нација, со Предлог-одлука

67. Информација за реиздавање на публикација по повод чествувањето на државниот празник 24 мај - Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј – Библиофилија, „Проглас“ од Константин филозоф – Св. Кирил

68. Барање за давање на автентично толкување на член 119 став 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), поднесено од пратеникот Вјолца Адеми

69. Годишен извештај за 2020 година, Финансиски план за 2021 година, Стратешки план за 2021 година и Годишна програма за работа за 2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки

70. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2020 година

71. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

72. Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2020 година

73. Предлог на одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за електронски комуникации

74. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.45/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019 и 317/2020), поднесена од адвокат Александар Бежовски од Скопје

75. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.52/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 став (5) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16), поднесена од адвокат Антонио Стојаноски од Прилеп

76. Иницијатива поднесена од Сузана Цветкова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.38/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи во Штип, бр.01-754/1 од 25.6.2019 година

77. Иницијатива поднесена од Јасминка Зафирова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.33/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 46 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19 и 267/20)

78. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.11599 за КО Волково на КП бр.3528

79. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100906, за КО Центар 1, на КП бр.13159, место викано/улица „Б.Тодоровски“, Имотен лист бр.100914, за КО Центар 1, на КП бр.13158, место викано/улица „Б.Тодоровски“ и Имотен лист бр.100904, за КО Центар 1, на КП бр.13157, место викано/улица „Б.Тодоровски“

80. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.352, за КО Ресен, на КП бр.5395, место викано/улица „29 Ноември“

81. Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 337 за КО Глуво Бразда на КП бр. 3116 викано место/улица „Главичица“

82. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставено под И.бр.573/21 за продажба на недвижностите-објекти запишани на Имотен лист бр.695 за КО Гиновци

83. Кадровски прашања

84. Прашања и предлози

85. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Биро за развој на образованието (Сметка на основен буџет - 637, Сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787, Сметка на буџет на донација - 785-Е9-ЕРАЗМУС+„Физичко образование“, Сметка на буџет на донација - 785-00-УНИЦЕФ, Сметка на буџет на донација - 785-Ф3-УНЕСКО и Сметка на буџет на донација - 785-Д4-Еразмус +„Математика и природни науки“)

86. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на Управата за водење на матичните книги (Сметка на основен буџет 631 и Сметка на Основен буџет 637)

87. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Владино планирање ефективност на владини мерки за справување со ризиците на пазарот на трудот и начинот на планирање на средствата за надминување на истите“

88. Информација за кредитните барања кои ги исполнуваат условите (Список 9 и Список 10) за кредитирање по Јавниот повик бр. 1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента („Ковид 3“ кредитна линија)

89. Информација за проект „Вложување во младински центри, инфраструктурно и програмски“

90. Информација за регистар на младински организации

91. Информација за инклузивно вклучување на лица со попреченост во сите сегменти на спортот

92. Годишен извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведување на одредбите од Законот за административни службеници како и врз основа на прописите донесени врз основа на Законот за 2020 година

93. Извештај за спроведено оценување на лиценцираните медијатори за нивното работење во 2017 и 2018 година

94. Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година, со табеларен преглед

95. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за март 2021 година

96. Информација за спроведување на Годишната програма за генерички обуки за административни службеници за 2021 година

97. Информација за статусот на надградба на системите на Министерството за здравство – Управа за електронско здравство и приклучување на платформата за интероперабилност (МИМ)

98. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со предлог–одлуки

99. Информација за финансиска поддршка на домашно производство на масло за јадење од сончоглед за домашен пазар, со Предлог–одлука

100. Информација за одземање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на Друштвото за производство и промет на земјоделски производи „Каба хербал“, ДОО Скопје, со Предлог-одлука

101. Информација за формирање на регионални центри за Ковид-19 вакцинација

102. Информација за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со предлог–одлуки

103. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка- царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени

104. Информација за избор на Национален координатор за имунизација на Република Северна Македонија, со Предлог–одлука

105. Предлог на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование

106. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

107. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка

*

*     *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 64-та и 65-та седница на Владата, одржани на 6 април 2021 година и 13 април 2021 година.

*

*     *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

  - **Агенда Европа дома (статус 27.4.2021 година)**

Владата ја разгледа Агендата Европа дома (статус 27.4.2021 година), како материјал за информирање.

Воедно, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров ги информираше членовите на Владата за статусот на обврските и активностите содржани во материјалот Агенда Европа дома, особено за обврските и активностите, кај кои постои извесен ризик за доцнење.

Дополнително, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, Владата заклучи:

- во делот Избори – донесување на изменување и дополнување на Изборниот законик, наместо предложениот рок март 2021 година, да биде крајот на мај 2021 година;

- во делот Судство - за активноста Изработка на функционални анализи за 27-те основни судови, наместо предложениот рок април 2021 година, да биде крајот на јуни 2021 година.

- **Статус на реализација на капиталните инвестиции**

Владата по Известувањето во врска со постапување по Заклучокот од 66-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 април 2021 година, кое се однесува на Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија, со консолидирана табела и Известувањето во врска со постапување по Заклучокот од 66-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 април 2021 година, кое се однесува на Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 март 2021 година, со табеларен преглед, заклучи:

- Се задолжуваат министерствата и другите институции задолжени по информациите, кои не постапиле по задолженијата, да го информираат Министерството за финансии за статусот на своите проекти кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија и за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31 март 2021 година, а согласно тоа, Министерството за финансии да подготви соодветен материјал, кој да се разгледа на тематската седница на Владата, што ќе се одржи на 17 мај 2021 година, во 19 часот.

*
*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Триесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 26 април 2021 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 26 април 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Триесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 26 април 2021 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство во врска со потребата од продолжување на постојните наредени мерки од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена кои се со важност до 27 април 2021 година (вторник) и тоа:

2.1 Се забранува движење на населението и на возила од јавен превоз на територија на Република Северна Македонија, во временски период од 21:00 часот до 5:00 часот наредниот ден, почнувајќи од 28 април 2021 година (среда) до 15 мај 2021 година (сабота).

Исклучок од забраната и посебниот режим на движење на населението и на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија се вечерните часови од 1 мај 2021 година (сабота) до утринските часови на 2 мај 2021 година (недела) - за претстојниот верски празник Велигден и од 12 мај 2021 година (среда) до 13 мај 2021 година (четврток) - за претстојниот верски празник Рамазан Бајрам, односно во овој временски период да се дозволи движење на населението и возилата од јавен превоз.

2.2 Почнувајќи од 28 април 2021 година (среда) до 15 мај 2021 година (сабота), да се затворат за посетители - гости, по 20:30 часот сите угостителски објекти, а за време на дозволеното работно време се дозволува работа само на отворените делови - тераси од угостителскиот објект.

Угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично) можат да ја организираат работата само како ресторани на отворено во отворениот дел од угостителскиот објект, односно на терасите, без да се организираат прослави.

Исклучок од став 1 на оваа точка се угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром „Скопје" и Аеродромот „Св. Апостол Павле" во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителскиот објекти за сместување

(хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.

Соодветно на ова, се менуваат наменскиот Протокол за отворање и работа на кафетерии - Прилог број 57 и Протоколот за отворање и работа на угостителските објекти за исхрана - Прилог број 58 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

2.3 Се забрануваат посетители – гости во сите вежбални, фитнес клубови, спортски центри и сали наменети за вежбање, освен на отворен простор со стриктно почитување на наменските протоколи, почнувајќи од 28 април 2021 година (среда).

Соодветно на ова, се менува наменскиот Протокол за работа на вежбални – теретани и фитнес клубови – Прилог број 67 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

2.4 Почнувајќи од 28 април 2021 година, да престане да важи наредената мерка за организирање, одржување и присуство/учество на секаков вид на семинари, обуки, работилници, курсеви, конференции и други настани од ваков тип, односно истите да продолжат да се организираат и одржуваат по наменските протоколи.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

Исто така, Владата заклучи Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, за наредната состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, кој ќе се одржи на 3 мај 2021 година (понеделник) во 10 часот, имајќи го предвид Протоколот за активности во установите за згрижување и воспитание на деца - Прилог број 5 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, а имајќи ги предвид епидемиолошките текови и состојби, да достави предлог за зголемување на дозволениот број на деца во воспитните групи за деца до две годишна возраст и воспитните групи за деца од 2 до 10 годишна возраст со број на вработени во смена во детските градинки.

**Точка 2**

Владата го донесе најновиот текст на Акцискиот план за формирање на задолжителни резерви 2021-2022, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии со укажување дека во Буџетот на Република Северна Македонија не постои простор за обезбедување на дополнителни финансиски средства за формирање на задолжителните нафтени резерви и доколку е потребно, истиот да се ревидира откако ќе биде позната одлуката на Владата во врска со висината на надоместокот за наредната година.

**Точка 3**

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за спроведување на годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2020 година, со Предлог-одлука, го усвои Извештајот и ја донесе Одлуката за одобрување на Извештајот за спроведување на годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за воведување нова бескаматна кредитна линија „Ковид 4“ со грант компонента и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции и Министерството за финансии во соработка со Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје да ги преземат неопходните чекори за операционализација на мерката, согласно фазите предложени во оваа информација.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да доставува до Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје информации со налозите за Мерка 1 од петтиот пакет мерки (финансиска поддршка за месец февруари и март) во .xml/.xmls формат, кои ќе имаат најмалку ЕМБС или ЕДБ за корисникот на мерката.

3. Се задолжува Управата за јавни приходи да ја достави до Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје последната листа за должници објавена од Управата за јавни приходи пред објавување на јавниот повик, која содржи најмалку ЕМБС или ЕДБ за даночниот должник.

4. Се задолжува Централниот регистар на Република Северна Македонија да ја испита можноста да обезбеди пристап до документи (тековна состојба, листинг од завршна сметка, потврда за стечај, потврда за ликвидација, тековна состојба за

уписан вистински сопственик), без надомест на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1876/4), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1883), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1884), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1876/1, со Имотен лист бр.47513), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1876/1 со Имотен лист бр.46352), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со грижата за објект во заедничка сопственост што го користат ЕЛС Општина Велес и повеќе подрачни единици на министерства, органи на државна управа и агенции и Барање финансиски средства за реконструкција на кровот на истиот објект, со дополнувањето и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Општина Велес да изготви геодетски елаборат со кој ќе се појасни сопственоста и правото на користење на објектот и ќе се покрене делбен биланс помеѓу корисниците на просторот.

2. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за одбрана, Државната изборна комисија, Министерството за финансии - Управа за имотно правни работи, Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството, Агенцијата за катастар на недвижности, Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за транспорт, Државниот инспекторат за земјоделство, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, Државниот управен инспекторат, Регионалниот центар за управување со кризи - Велес, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот завод за статистика, Агенцијата за национална безбедност и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги подмират долговите кон Општина Велес по основ на одржување и режиски трошоци.

3. Се препорачува на Општина Велес средствата добиени од институциите да ги распореди и да ги искористи за реновирање на објектот.

## Точка 15

Владата условно го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за проектирање, инжинеринг и трговија „Тим-Инжинеринг“, ДООЕЛ, Скопје, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 16

Владата условно го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за изградба и управување со соларни централи „ДИМ-МТ“, ДОО, Скопје, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 17

Владата условно го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за изградба и управување со енергетски централи „КЕР-АЗ“, ДООЕЛ, Скопје, поради потребата од дополнително усогласување.

## Точка 18

Владата условно го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија „Ген-и сонце“, ДООЕЛ, Скопје поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 19

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија „Ген-и сонце“, ДООЕЛ, Скопје, и условно ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија „Ген-и сонце“, ДООЕЛ, Скопје, поради потребата од дополнително усогласување.

## Точка 20

Владата условно го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија „Ген-и сонце“, ДООЕЛ, Скопје, поради потребата од дополнително усогласување.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за креирање на билатерални канцеларии за младинска соработка меѓу Република Грција и Република Северна Македонија (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Агенцијата за млади и спорт и Младински сојуз – Крушево, да преземе конкретни активности во насока на потпишување на заедничка декларација помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција за воспоставување на билатерални младински канцеларии за време на одржувањето на првата меѓународна конференција во рамки на Преспа форумот за дијалог на 1 и 2 јули 2021 година во Охрид и Преспа/Отешево.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии (активностите да се реализираат во рамките на одобрените средства во сопствениот буџет во тековната фискална година, без притоа да се бара обезбедување на дополнителни финансиски средства по овој основ.).

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија за прифаќање на Барањето „Pfizer SRB“, d.o.o, Beograd за отпочнување на постапка за добивање на одобрение за ставање на лек во промет за вакцината COMIRNATY/КОВИД-19 mRNA Vaccine (nucleoside modified), ја усвои и даде согласност на Агенцијата за лекови и медицински средства да го прифати Барањето бр. 02-4288/1 од 21.4.2021 година од „Pfizer SRB“, d.o.o, Beograd со седиште на ул. „Трешњиног цвета“ 1/VI, 11070, Белград Република Србија, за отпочнување на постапка за добивање на одобрение за ставање на лек во промет - вакцината COMIRNATY/КОВИД-19 mRNA Vaccine (nucleoside modified).

**Точка 23**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Предлог-стандардни оперативни процедури за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства, со Предлог-стандардни оперативни процедури (СО) и го усвои со следните заклучоци:

1. Ги прифати Стандардните оперативни процедури за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со Меѓународниот аеродром „Скопје“, до Владата да достави информација за обезбедување на соодветни опремени простории, во зоната на граничната контрола, со цел постапување во случај на пристигнување на странски терористички борци - повратници и членови на нивните семејства за обезбедување на првичен институционален третман, најдоцна до 14 мај 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да изврши меѓуинституционална координација во однос на можностите за обезбедување на простории, сместувачки капацитети за странските терористи борци – повратници

и членовите на нивните семејства, кои немаат каде да престојуваат, согласно проценките за нивните потреби за истото да достават информација до Владата, најдоцна до 14 мај 2021 година.

4. Се задолжуваат Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги, во соработка со Министерството за внатрешни работи, согласно законската регулатива, да започнат подготвителни активности за дефинирање на начинот и постапката за издавање на лични документи заради можноста за упис на децата родени во кризните региони во Матичната книга на родени, како и обезбедување на друг вид правна помош за оваа категорија на граѓани, од страна на институциите и за истото да достават информација до Владата, најдоцна до 14 мај 2021 година.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на република Северна Македонија да ја разгледа можноста за обезбедување на месечен надомест за членовите на Интер – ресорската работна група за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратниците од странски војски и членови на нивните семејства, кои почнувајќи од 1.1.2020 година, во континуитет работат на изготвување на клучните документи поврзани со реинтеграцијата на странските терористички борци и го следат процесот на имплементација на Националниот план за реинтеграција и за истото да ја информира Владата, најдоцна до 14 мај 2021 година.

6. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во координација со канцеларијата на Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, да даде целокупна поддршка од аспект на кадар, простор, моторно возило и техничка опрема, со цел Канцеларијата на Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Интер - ресорската работна група непречено да го спроведат Национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација во чиј составен дел се и Стандардните оперативните процедури.
За истото генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да ја извести Владата, најдоцна до 14 мај 2021 година.

7. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да отвори финансиска потсметка, за донаторска помош од релевантни меѓународни партнери, која ќе се стави во функција на Канцеларијата на Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, и ќе се користи за финансирање на активностите предвидени за спроведување на Националниот план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација во чиј составен дел се и Стандардните оперативните процедури.
За истото генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да ја извести Владата, најдоцна до 14 мај 2021 година.

8. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за локална

самоуправа, Министерството за здравство - Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, Управата за водење на матичните книги, Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија и Агенцијата за разузнавање, а им се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија - Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кои се надлежни за реализација на активностите предвидени согласно НПРРР, чиј составен дел се СОП, да ги обезбедат потребните финансиски средства во рамките на одобрените буџети за соодветната фискална година и за истото да ја информираат Владата, најдоцна до 14 мај 2021 година.

9. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Стандардните оперативни процедури за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства, веднаш по нивното усвојување да ги достави до:

- Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
- Министерството за внатрешни работи,
- Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија,
- Агенцијата за разузнавање на Република Северна Македонија,
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија - Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,
- Министерството за финансии,
- Министерството за локална самоуправа,
- Министерството за здравство-Државниот санитарен и здравствен инспекторат,
- Министерството за образование и наука,
- Министерството за труд и социјална политика,
- Министерството за правда-Управа за извршување на санкции,
- Министерство за правда-Управа за водење на матичните книги,
- Министерството за надворешни работи,
- Народниот правобранител на Република Северна Македонија,
- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи,
- Агенцијата за млади и спорт,
- Центарот за јавно здравје – Скопје и
- Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

## Точка 25

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.
За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници, м-р Митко Трајчулевски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Весна Андриеска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на „ТАВ Македонија“ за 2020 година за Меѓународниот аеродром „Скопје“, со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на „ТАВ Македонија“ за 2020 година за Меѓународниот аеродром „Скопје“, ја усвои Информацијата и ја одобри Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на „ТАВ Македонија“ за 2020 година за Меѓународниот аеродром „Скопје“.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за Нацрт-годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2020 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2020 година, со Нацрт-акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Нацрт-годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2020 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2020 година.

2. Го усвои Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Бирото за јавни набавки и Државниот завод за статистика, а им се препорачува на Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државниот завод за ревизија да ги реализираат активностите од Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година согласно планираната динамика и за истото да ги обезбедат потребните ресурси (материјално - технички, човечки и финансиски).

**Точка 29**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант за партнерство за развој меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави–САД за наредната седница на Владата.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Акционерско друштво за промет на стоки „Текстил“, Гази Баба - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство и трговија „МАРГО“, Илиевски Тони, ДООЕЛ, извоз-увоз, Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДТТУ Тео Транспорт ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул. „АСНОМ“ бр. 33-14 Скопје Аеродром, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДТТУ Тео транспорт ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул. „АСНОМ“ бр. 33-14 Скопје Аеродром, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б3-големи угостителски единици КО Дихово-вонград, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б3-големи угостителски единици КО Дихово-вонград, Општина Битола, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Ранковце, за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Ранковце, Општина Ранковце, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Ранковце, за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Ранковце, Општина Ранковце, во предложениот текст.

## Точка 36

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (производство на електрична енергија од обновливи извори биогас со капацитет од 1MW) КО Големо Коњари 1, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (производство на електрична енергија од обновливи

извори биогас со капацитет од 1MW) КО Големо Коњари 1, Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на бензинска пумпна станица покрај Р 1303 Прилеп-Македонски Брод-Кичево КО Ропотово, Општина Долнени, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на бензинска пумпна станица покрај Р 1303 Прилеп-Македонски Брод-Кичево КО Ропотово, Општина Долнени, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Трпејца, Општина Охрид, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Трпејца, Општина Охрид, со заклучок претходно да се обезбеди мислење по материјалот од страна на Комисијата за управување на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион именувана од страна на Владата на Република Северна Македонија со решение бр.24-1142/1 од 23.1.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.19/18).

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Дванаесеттата седница на Мешовитата комисија по Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија, со дополнување и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- ги прифати предлозите на Секретаријатот за европски прашања за претставници кои ќе учествуваат во работата на Дванаесеттата седница на Мешовитата комисија, која ќе се одржи на 27 и 28 мај 2021 година, во Скопје и тоа:

- Работна група за интернационализација и туризам;
    - Ерсин Баки; е-пошта: ersin.baki@sep.gov.mk
- Работна група за транспорт;
    - Исак Беќир; е-пошта: Isak.Beqir@sep.gov.mk
- Работна група за енергетика;
    - Њомза Рочи-Џеладини; е-пошта: Njomza.Roci-Xheladini@sep.gov.mk
- Работна група за животна средина и просторно планирање;
    - Надица Угриноска; е-пошта: Nadica.Andonovska@sep.gov.mk
- Работна група за земјоделие
    - Синиша Цветаноски; е-пошта: sinisa.cvetanoski@sep.gov.mk.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“ Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустриски комбинат Силекс АД-Кратово, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“, Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустрискиот комбинат „СИЛЕКС“, Акционерско друштво–Кратово, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп бр.45-7595/1-19 од 6.10.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.243/20), со Предлог–решение за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата Министерството за економија, да го усогласи текстот на решението со Секретаријатот за законодавство, а Кабинетот на заменикот на претседателот на

Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за финансии да номинираат членови и заменици членови за формирање на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел „Ливија“ - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект (мотел Ливија - Скопје со седиште на ул. 1 бб - Петровец, за мотел од петта категорија со една (1) ѕвезда), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Негорски бањи“–Негорци, Гевгелија, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Негорски бањи“–Негорци, Гевгелија, со седиште во Индустриска зона бр. 105–Негорци, Гевгелија, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Солун“ –Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Солун“ – Скопје со седиште на ул. „Никола Вапцаров“ бр.10 – Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел ресторан „Ваго“, Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (мотел ресторан „Ваго“ со седиште на Бул. „Гоце Делчев“ бр. 56, Штип, мотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од мотел ресторан „Ваго“, (со седиште на ул. нас. место без уличен систем Крупиште, Карбинци, за мотел од петта категорија со една (1) ѕвезда), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Панорама, Делчево (со седиште на ул. „Никола Јонков Вапцаров“, бр. 15, Делчево, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Бон Бон Ресорт и Спа“, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Бон Бон Ресорт и Спа“ со седиште на ул. с. Кучевиште, Чучер - Сандево, Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди - супериор), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата во врска со определувањето на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за стратешко партнерство за заеднички пристап кон реализација на Македонски енергетски форум меѓу Владата на Република Северна Македонија и ЗИП институт за политики и добро владение, со текст на Меморандум за стратешко партнерство за заеднички пристап кон реализација на Македонски енергетски форум, ја усвои и го задолжи Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за стратешко партнерство за заеднички пристап кон реализација на Македонски енергетски форум меѓу Владата на Република Северна Македонија и ЗИП Институт за политики и добро владение.

**Точка 54**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереник м-р Фросина Тасевска, државен секретар во Министерството за правда.

**Точка 55**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Договорот на НАТО за соопштување на техничките информации во одбранбени цели, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереници, Пајо Авировиќ, директор во Министерството за надворешни работи и Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика, со Нацрт-текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика.

2. Го прифати Нацрт-текстот на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика, како основа за водење на преговорите.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да го достави Нацрт-текстот на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика.

4. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика.

5. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика, доколку усогласувањето се врши по пат на преговори и се постигне согласност на преговорите, согласно утврдените насоки.

6. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државната заедница Доминика за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Државната заедница Доминика.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за идните активности на институциите на Република Северна Македонија поврзани со работењето на Француската агенција за развој, на Пропарко и на Експертиза Франција, ја усвои Информацијата и го задолжи Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во соработка со Националниот инвестициски комитет да ги координира идните активности за утврдување и имплементација на проекти од интерес на Република Северна Македонија, кои се финансиски или

технички поддржани од Францускaта агенција за развој, на Пропарко и на Експертиза Франција и еднаш годишно, а најдоцна до 31 декември од тековната година да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (најнов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со заклучок при подготвување на изменувањето и дополнувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се обрне особено внимание на проширување на опфатот на лица кои ќе поднесуваат или треба да поднесуваат анкетни листови за имотна состојба и судир на интереси во делот на раководната структура во рамки на администрацијата (раководители со посебни овластувања, инспектори и сл.).

2. Го задолжи Министерството за правда во април 2021 година да започне процес на подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, да определи нов рок за доставување на Предлогот на закон до Владата и за тоа, најдоцна до 30 април 2021 година, да ги извести Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси .

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на софтверот е-Инспектор и план за одржување и развој на софтверот и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација-Државен управен инспекторат, Министерството за труд и социјална политика-Државен инспекторат за труд, Министерството за економија-Државен пазарен инспекторат, најдоцна до 30 април 2021 година, да потпишат соодветни договори/меморандуми за користење на податоци, со сите институции од кои ги обезбедуваат истите.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии-Царинска управа и Министерство за финансии-Управа за јавни приходи, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Централниот регистар на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена од потпишување на договорите/меморандумите за користење на податоци, да ги развијат веб-сервисите потребни за софтверот „е-Инспектор“ и да ги известат Министерството за информатичко општество и администрација и Инспекцискиот совет.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 30 дена од денот на пуштање на софтверот „е-Инспектор“ во продукција и добивање на изворниот код, да го предаде софтверското решение и изворниот код на Инспекцискиот совет.

4. Се задолжува Инспекцискиот совет, најдоцна до 20 јуни 2021 година, да подготви Акциски план за приклучување на нови инспекторати и истиот да го достави до Владата на усвојување.

5. Се задолжува Инспекцискиот совет во буџетскиот циркулар за 2022 година да планира средства за надградба и одржување на софтверското решение е-Инспектор, како и за набавка и одржување на целокупниот хардвер, оперативен софтвер и лиценци за потребите на сите компоненти на софтверот „е-Инспектор“, вклучително и комуникацискиот клиент на Инспекцискиот совет.

6. Се задолжува Министерството за финансии во буџетот на Инспекцискиот совет за 2022 година, да ги обезбеди средствата за одржување и понатамошен развој и хостирање на сите компоненти од софтверот „е-Инспектор“.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Trojan Footprint 21“, на територија на Република Бугарија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Trojan Footprint 21“ во Република Бугарија, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на еден припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежба „SABER GUARDIAN 21“ како дел од кампањата на вежби во Централна и Источна Европа под името „DEFENDER EUROPE 21“, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „SABER GUARDIAN 21“ во Република Албанија, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за исплати на награди (бонуси) на вработените во јавните здравствени установи за период од 9 месеци (нов текст), ја усвои и му укажува на Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во соработка со Министерството за труд и социјална политика да ги имплементира активностите за исплаќање на награди (бонуси) на вработените во јавните здравствени установи за период од 9 месеци.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (објекти на Државен студентски дом Скопје, кои се наоѓаат на бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр.26 б, Скопје, КП 1186 и КП 1189, КО Гази Баба), во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 11649/1 КО Центар I), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје (патничко моторно возило), во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање на работна група за изработка на Национална програма за физички активна нација, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на работна група за изработка на Национална програма за физички активна нација, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за реиздавање на публикација по повод чествувањето на државниот празник 24 мај - Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј - Библиофилија „Проглас“ од Константин филозоф - Св. Кирил и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за култура да спроведе постапка и да ги покрие трошоците за реиздавање на второто дополнето и проширено издание на Библиофилијата „Проглас“ од Константин филозоф - Св. Кирил на македонски и словачки јазик.

## Точка 68

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 119 став 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019), поднесено од пратеникот Вјолца Адеми и притоа го утврди следното мислење:

Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно член 116 став (2) и член 117 став (1) од Законот, се склучува и се извршува согласно условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Од наведените одредби произлегува дека на договорниот орган и на носителот на набавката не им е дозволено да договараат измени во постојниот договор. Условите од склучениот договор треба да ги одразуваат обврските кои обете договорни страни ги преземале а биле наведени во тендерската документација и понудата што била избрана за најповолна. Во ситуација кога склучениот договор би се изменил, постои опасност другите понудувачи да ја изгубат можноста и на рамноправна основа да се натпреваруваат за нешто што претставува нова можност за склучување договор. Менувањето на склучениот договор претставува повреда на начелата на транспарентност и еднаков третман и може да влијае врз нарушување на пазарот.

Сепак во пракса може да се јави потреба од ограничени измени во постојниот договор за јавна набавка. Во однос на прашањето за измена на договорите или рамковните спогодби, од особено значење е судската пракса на судот на правдата на Европската Унија. Според судот, измената на договорот се смета за суштинска кога со неа се воведуваат услови коишто, ако биле дел од постапката за јавна набавка, би овозможиле да се квалификуваат понудувачи различни од првично прифатените или да се прифати понуда која е различна од првично прифатената.
Во принцип, договорите може да претрпат измени, само под услов тие измени да не се значителни.

Оттука, член 119 од Законот за јавните набавки, кој се однесува на измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност, е усогласен со член 72 став 1 од Директивата 2014/24/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за јавни набавки и за укинување на Директива 2004/18/ЕЗ.

Поконкретно, условите за да може да се измени договорот за јавна набавка во текот на неговата важност без спроведување на нова постапка за јавна набавка се наведени во член 119 став (1) точки 1 - 5 од Законот.

Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со членот 119 став (1) точка 2 од законот, може да се измени во случаи кога се набавуваат стоки, услуги или работи од првичниот носител на набавка кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, и доколку замената на носителот на набавката:

- не е можна од економски или технички причини, како што се барањата во однос на заменливоста или интероперабилноста со постојната опрема, услуги или инсталации набавени во рамките на првичната постапка и

- ќе предизвика сериозни потешкотии или значително зголемување на трошоците на договорниот орган.

Овој основ за измена на договорот може да се користи само кога двата горенаведени услови се кумулативно исполнети. На пример, во случај кога се неопходни дополнителни работи кај објект кој не е довршен. Во овој случај, веројатно е дека ќе се јават проблеми со економската или техничката интероперабилност, а ангажирањето нов изведувач би довело и до удвојување на трошоците. Сепак, треба да се има предвид дека во овој случај, покрај исполнувањето на двата кумулативни услова, измената на договорот, односно спогодбата не смее да надмине 20 % од вредноста на првичниот договор или на рамковната спогодба. Во случај на повеќе од една измена, сите измени заедно не смеат да надминат 20% од вредноста на првичниот договор. Воедно, договорниот орган во документацијата во врска со измените треба да вклучи објаснување на сите причини зошто се потребни стоките, услугите или работите, причините зошто тие не биле вклучени во основниот договор или рамковна спогодба, како и економските и техничките причини поради кои промената на првичниот изведувач не е можна.

Измена на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба е дозволена и во случај кога согласно со член 119 став (1) точка 3 од Законот, промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не ја менуваат природата на договорот или рамковната спогодба. При тоа, треба да се има предвид дека овие околности мора да бидат оправдани од фактот дека не можеле да бидат предвидени од страна на договорниот орган и покрај внимателната подготовка на постапката преку која бил доделен првичниот договор, земајќи ги предвид природата и карактеристиките на предметот на набавка, добрите практики поврзани со предметот на набавка и слично. Во овој случај, вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба не смее да надмине 20 % од вредноста на првичниот договор или на рамковната спогодба. Користењето на оваа можност за измена на договорот значи и обврска за договорниот орган да го докаже постоењето на непредвидливите околности, а документацијата за измените вклучува опис на измените, причините за нив и околностите поради кои договорниот орган не можел да ги предвиди при доделување на основниот договор или рамковна спогодба, како и објаснување зошто овие измени не ја менуваат природата на договорот или рамковната спогодба.

Условите за измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност предвидени во точките 2 и 3 од член 119 став (1) од Законот, се однесуваат на работи кои не биле вклучени во техничката спецификација, односно предмер пресметката, а кои се јавиле во текот на реализацијата на договорот.

Додека, вишоците и кусоците произлегуваат од позиции кои биле предвидени во техничката спецификација, односно предмет пресметката, но во текот на реализацијата на договорот се јавиле одредени позитивни или негативни отстапувања. Оттука, Владата на Република Северна Македонија смета дека начинот на постапување во случај на вишоци и кусоци треба да биде уреден со договорот за јавна набавка, а во согласност со материјалните прописи и професоналните практики во градежништвото и прописи со кои се уредуваат облигационите односи.

## Точка 69

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2020 година, Финансискиот план за 2021 година, Стратешкиот план за 2021 година и Годишната програма за работа за 2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 135 од Законот за јавните набавки, Државната комисија за јавни набавки поднесува годишен извештај за своето работење до Собранието на Република Северна Македонија, а воедно доставува финансиски, стратешки планови и годишна програма за работата. Буџетот на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2020 година изнесувал 17.622.000 денари, а неговата реализација на крајот на годината изнесува 14.534.463 денари. Одобрениот буџет на Државната комисија за 2021 година изнесува 17.655.000 денари.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на доставениот материјал.

## Точка 70

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај за работа се доставува согласно член 26, став 6 од Законот за заштита на конкуренцијата. Согласно истиот Буџетот на Комисијата за 2020 година изнесувал 23.365.000 денари, а неговата реализација на крајот од годината изнесувала 20.845.733 денари.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на доставениот Годишен извештај за работа на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2020 година.

## Точка 71

Владата го симна од Дневниот ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, имајќи предвид дека предложените измени и дополнувања се донесени од Собранието на Република Северна Македонија на 2.4.2021 година и истите се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.73/21.

## Точка 72

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2020 година е во функција на исполнување на обврската согласно член 70 од Законот за заштита на личните податоци (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), според кој, Агенцијата изготвува годишен извештај за својата работа кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија заради запознавање, за претходната календарска година, најдоцна до крајот на март во тековната година и истиот го објавува на својата веб-страница.

Во доставениот материјал, Агенцијата за заштита на лични податоци дава информација за реализираните активности за 2020 година, спроведените инспекциски надзори, дадените мислења и преземените чекори за усогласување на националното законодавство со законодавствата на Европската Унија и на Советот на Европа во областа на заштитата на личните податоци.

Исто така во доставениот Извештај, Агенцијата дава образложено резиме, прикажувајќи го статусот, раководството, надлежностите и организациската структура на Агенцијата како и надлежностите, планот за работа и стратешкиот план, организациската поставеност и кадровската екипираност.

Во точката (7) од Извештајот е прикажано финансиското работење на Агенцијата за заштита на лични податоци и тоа под точка 7.1 е прикажана реализацијата на буџетот за 2020 година – сметка тип 637, а под точка 7.2 е прикажана реализацијата на буџетот за 2020 година – сметка тип 631.

Во точка (8) од Извештајот се наведени заклучоците за потребата од јакнење на независниот статус на Агенцијата, како и обезбедување на нови вработувања, додека во точка (9) дадени се препораките во насока на целосна имплементација и реформа на националното законодавство во областа на заштитата на личните податоци, а се со цел исполнување на целите утврдени во Стратегијата за остварување на правото за заштита на личните податоци 2017-2022, како и препораките за реализација на наведените активностите предвидени во Комуникациската стратегија за 2018-2023.

Имајќи во предвид дека доставениот Годишен Извештај за 2020 година на Агенцијата за заштита на лични податоци е од информативен карактер, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки, како од фискален аспект, така и од наративен аспект.

## Точка 73

Владата го разгледа Предлогот на одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за електронски комуникации и притоа го утврди следново мислење:

Врз основа на членот 1 став (3) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/19) „Во сите органи на државната власт во Република Македонија, централни институции, јавни претпријатија, агенции, дирекции, установи и организации, комисии, правни лица кои вршат јавни овластувања согласно закон и другите институции, службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото писмо е и јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните на Република Македонија и неговото писмо, на начин определен со закон".

Врз основа на членот 7 став (1) од Законот „Називите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, како и сите други институции и нивните подрачни единици во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во Скопје, ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, како и на англиски јазик. Називите ќе бидат со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв.

Според ставот (3) од истиот член „Печатите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон и сите други институции со седиште во Скопје или во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се испишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо".

Оттука, во членот 2 и членот 4 од Предлог одлуката за измена на Статутот на Агенција за електронски комуникации да се заменат зборовите „албански јазик" и „албански јазик и неговото писмо" со „јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо" заради нивно усогласување со горенаведените одредби од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/19).

Согласно член 19 алинеја 1 од Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 153/19), Комисијата го донесува Статутот по претходно добиена согласност од Собранието на Република Северна Македонија.

Имајќи ги предвид претходно цитираните одредби укажуваме дека во прилог не е доставена Одлука за давање согласност која ја донесува Собранието на Република Северна Македонија.

По однос на текстот на Предлог-одлуката од формално- правен аспект се укажува на следното:

1. Во основата на Одлуката ќе треба да се наведе и бројот „21/18" на „Службен весник на Република Македонија'/ со оглед дека во овој број е објавено изменувањето и дополнувањето на Законот за електронските комуникации.

2. Членот 1 ќе треба да се преработи на начин што во посебни членови ќе се наведе во кои членови од основниот текст на Статутот се врши конкретната измена.

3. Со оглед дека во членот 2 од Предлог-одлуката, каде се предлага изменување на членот 5 од Статутот се предлага измена на полното име на Агенцијата, а во членот 4 од Предлог-одлуката каде се предлага изменување на членот 6 од Статутот се предлага измена на текстот на печатот и штембилите укажуваме дека по однос на овие прашања ќе треба да се имаат предвид одредбите од член 7 ставови (1) и (3) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/19).

Освен тоа, се укажува дека членот 2 ќе треба да се преработи на начин што наместо да се предлага измена на член 5 став (2) од основниот текст на Статутот, ќе треба да предложи измена на полното име и скратеното име на Агенцијата, кои се предвидени во членот 3 од основниот текст на Статутот.
Исто така, во членот 4 од Предлог- одлуката, наместо изменување на член 6 став (6) од основниот текст на Статутот ќе треба да се предложи овој став да изостане, а да се изменат ставовите (2), (4) и (5) од истиот член во смисла да се наведе како би гласел текстот на печатот, штембилот и приемниот штембил.

4. Членот 5 од Предлог- одлуката во кој се предлага измена на членот 13 ставови (3) и (4) од постојниот статут ќе треба да изостане со оглед дека предложените измени не се во согласност со одредбите на членот 20 ставови (3) и (4) од Законот за електронските комуникации, во кои е утврден начинот на работа на Комисијата, односно начинот и кој ги свикува состаноците на Комисијата и кој претседава на истите.

5. Завршната одредба за влегување во сила на Одлуката за изменување на Статутот ќе треба да се издвои во посебен член и ќе треба да се преработи на начин што ќе се наведе и дека овој статут влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла во седиштето на Агенцијата, а по претходно добиена согласност од Собранието на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 74</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.45/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019 и 317/2020), поднесена од адвокат Александар Бежовски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ги поништи одредбите што се однесуваат на адвокатурата, односно адвокатите и адвокатските друштва предвидени со оспорениот Закон, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019 и 317/2020), а дополнително се предлага поради големината на повредата и опасноста од загрозувањето на темелните вредности на Уставот, истиот да донесе решение со кое се запира извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на оспорениот Закон и законските одредби што се однесуваат на адвокатурата односно адвокатите и адвокатските друштва од причина што истиот не е во духот и темелните вредности на основните слободи и права на човекот и граѓанинот согласно Европската конвенција за човекови права, членот 53 и членот 17 од Уставот на Република Северна Македонија како и членот 2, членот 15 ставот (1), членот 17 ставот (1), членот 21 ставот (1) и членот 22 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2002, 10/2003, 34/2003, 60/2006, 29/2007, 8/2008, 106/2008, 20/2009, 117/2009, 135/2011, 113/2012, 148/2015).

Воедно, подносителот на Иницијативата се повикува на членот 17 од Уставот кој е изменет согласно Одлуката за прогласување на Амандманот XIX на Уставот на Република Македонија што Собранието на Република Македонија ја усвои на седницата, одржана на 26 декември 2003 година.

Во врска со наводите од Иницијативата информираме дека согласно членот 1 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019 и 317/2020), се пропишува дека со овој закон се уредуваат мерките, дејствијата и постапките кои субјектите и надлежните органи и тела ги преземаат заради откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам (во натамошниот текст: перење пари и финансирање на тероризам), како и работењето и надлежностите на Управата за финансиско разузнавање (во натамошниот текст: Управата).

Оттука, основната цел на Законот и основниот постулат на кој почива е превенцијата, односно откривањето на еден од најтешките облици на криминал, перењето пари и други приноси на казниво дело инкриминирано согласно членот 273 како и кривичното дело финансирање на тероризам инкриминирано согласно членот 394-в од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 48/2001, 4/2002, 16/2002, 43/2003, 19/2004, 40/2004, 81/2005, 50/2006, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 170/2017 и 248/2018). На тој начин Законот има за цел преку сложен и сеопфатен систем како и јасно дефинирани права и обврски на институциите од јавниот и правните субјекти од приватниот сектор како и субјектите кои вршат јавни овластувања согласно закон да воспостави спрега со органите и институциите на прогонот согласно законите коишто го уредуваат водењето на кривичната постапка, со што

би се овозможило ефективно и ефикасно откривање и гонење на кривични дела со кои се загрозуваат јавните финансии, платниот промет и стопанството во целост, а дополнително превенирање и спречување на финансирање на тероризмот како глобална и најсериозна закана за светскиот мир и безбедност, односно кривични дела против јавниот ред.

Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија" бр.120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019 и 317/2020), е во согласност и во духот и основните постулати на кои почиваат меѓународните конвенции на ОН, како и конвенциите на Советот на Европа, потпишани и ратификувани со закон од страна на Република Северна Македонија и тоа Конвенција на ОН за борба против недозволената трговија со дроги и психотропни супстанции од 1988 година (Виенската Конвенција), Меѓународна конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Палермо Конвенција), Конвенција на Советот на Европа од 1990 година за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотната корист прибавена со кривично дело (Стразбуршката Конвенција) и Конвенција на Совет на Европа од 2005 година за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело и за финансирање на тероризам (Варшавската Конвенција).

Согласно член 7 од Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал, протоколот за превенција, спречување и казнување за трговија со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал и протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/2004) се пропишуваат мерки за борба против перење пари.

1. За Држава-страна и тоа:

а. Востановува сеопфатен внатрешен режим за контрола и надзор на банките и финансиските небанкарски институции, како и каде што е соодветно, други тела посебно изложени на перење на пари, во рамки на нивната надлежност, заради превенција и откривање на сите форми на перење на пари, кој режим става акцент на барањата во материјата за идентификување на странките, регистрирање на трансакциите и известување за сомнителни трансакции;

б. Се пропишува дека секоја држава-страна обезбедува, без да се наштети на членовите 18 и 27 на оваа конвенција, дека административните, контролните, органите за откривање и казнување и други органи вклучени во борбата против перењето на пари (вклучувајќи ги, кога тоа е предвидено во нејзиното внатрешно право, и судските органи), да имаат можност да соработуваат и разменуваат информации на национално и меѓународно ниво, под услови дефинирани во нејзиното внатрешно право и за таа цел, предвидува формирање на единица за финансиско разузнавање која ќе служи како национален центар за прибирање,

анализа и дистрибуција на информации за евентуални дејствија на перење на пари.

Согласно ставот (2) од Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/2004), се пропишува дека државите-страни предвидуваат спроведување на изводливи мерки за откривање и следење на прекуграничниот промет на готови пари и соодветни платежни документи, во согласност со гаранциите кои овозможуваат коректна употреба на информациите и без да се попречи на ниеден начин законското движење на капитал. Посебно можат да бидат задолжени поединците и претпријатијата да го пријавуваат прекуграничниот трансфер на значителни количества на готови пари и соодветни платежни документи.

Согласно ставот (3) од Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/2004) се пропишува дека кога е воспоставен внатрешен контролен и надзорен режим во смисла на овој член и без да се наштети на некој друг член на оваа конвенција, државите-страни се повикуваат да ги земат како основни правила соодветните иницијативи преземени од регионалните, меѓурегионалните и мултилатералните организации за борба против перењето на пари.

Согласно ставот 4 од Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/2004), се пропишува државите-страни настојуваат да ја развиваат и унапредуваат глобалната, регионалната, подрегионалната и билатералната соработка помеѓу судските органи, службите за откривање и казнување и контролните финансиски органи за борба против перењето на пари.

Согласно член 1 од Законот за ратификација на конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2009) се дефинира поимот „Единица за финансиско разузнавање“ (во понатамошниот текст „ЕФР“) и претставува централна, национална агенција надлежна за примање (и доколку е дозволено, барање), анализа и доставување на откриени финансиски информации до надлежните органи.

Согласно член 12 од Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2009) се пропишува дека:

1. Секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки неопходни за формирање на ЕФР како што е утврдено во оваа конвенција.

2. Секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки неопходни да обезбедат нивната ЕФР да има пристап, директно или индиректно на времена основа до

финансиски, административни и полициски информации кои и се потребни за соодветно извршување на нејзините функции, вклучувајќи и анализа на извештаите за сомнителни трансакции.

Согласно член 13 од Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2009) се пропишуваат мерките и дејствијата за перење пари и тоа дека:

1. Секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки неопходни да воспостави сеопфатен домашен регулативен и надзорен режим или режим за пратење за спречување перење пари и ќе води целосна сметка за важечките меѓународни стандарди, особено вклучувајќи ги препораките усвоени од страна на Работната група за финансиска активност за перење пари (во натамошниот текст: ФАТФ).

2. Во тој поглед секоја страна ќе усвои, особено законодавни и други мерки неопходни да:

а. Побара од правните и физичките лица кои се бават со активности за кои постои особена веројатност дека ќе се користат за цели на перење пари и доколку таквите активности се однесуваат на:

**I.** Да го идентификуваат и верификуваат идентитетот на нивните клиенти и каде што е соодветно, нивните крајни делотворни корисници и да спроведуваат постојано следење на деловниот однос, а водејќи сметка за приод кој се заснова врз ризик.

II. Да известат за сомневања во врска со перење пари кои подлежат на заштита.

III. Да преземат мерки за поддршка, како што се чување на документација за идентификација на клиентот и трансакции, обука на персонал и утврдување на внатрешни политики и постапки и каде што одговара, прилагодени на нивната големина и природа на работењето.

б. Да им забранат, каде што е соодветно, на лицата од алинеја а. да го откријат фактот дека извештајот за сомнителна трансакција или соодветни информации се пренесени или дека се спроведува или може да се спроведува истрага за перење пари;

в. Да обезбедат лицата од алинеја а. подлежат на ефективни системи за следење, и каде што се применува надзор, со цел да обезбеди нивно придржување кон барањата за борба против перење пари, кадешто е соодветно врз основа на чувствителност од ризик.

**3**. Во врска со тоа, секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки неопходни да открие значителен физички пренос преку граница на готовински средства и соодветни инструменти на име на доносител.

Врз основа на членот 13 ставот (1) од Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам („Службен весник на Република Македонија" бр.49/2009), Република Северна Македонија се обврзала на имплеменирање на меѓународните стандарди на Работната група за финансиска акција – ФАТФ.

Оттука, стандардите и мерките кои ги поставуваат меѓународните тела кои се занимаваат со проблематиката на борба против перење пари и финансирање на тероризам (ФАТФ) постојано се развиваат и дополнуваат, имајќи ја предвид комплексноста на материјата којашто преставува променлива категорија. Услугите кои одредени правни и физички лица ги нудат, а кои често се злоупотребувани од страна на криминалците, доведе до поставување на стандарди во однос на примена на одредени мерки и дејствија од страна на тие лица, со цел да се спречат, колку што е можно повеќе, нелегалните активности на перење пари и финансирање на тероризам. Од оваа причина, сите правни и физички лица кои треба да применуваат вакви мерки, се вбројуваат во категоријата на обврзани субјекти.

Опфатот на субјектите коишто имаат обврска да применуваат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам се правните субјекти кои како професионална и деловна активност за надомест даваат одредена помош или услуга за клиентите. Истите како такви се изложени на ризик од перење пари и финансирање на тероризам, но воедно претставуваат прв чувар на јавните финансии, платниот промет и стопанството како објект на заштита во смисла на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело, имајќи предвид дека тие се првата линија до кои клиентите задолжително мора да пристапат при реализирањето на своите цели и интереси. Дополнително, интенцијата на законодавецот е преку преземањето на мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам, да се оневозможи било кое лице да ги искористи самите субјекти преку услугите коишто ги даваат за целите на перењето пари и финансирањето на тероризмот, така што ваквите обврски припишани од страна на законодавецот претставуваат мерки првенствено за нивна заштита, а преку личната заштита до исполнувањето на објектот на заштита на перењето пари и приноси од казниво дело и финансирањето на тероризмот.

Министерството за финансии и Управата за финансиско разузнавање редовно ги следи стандардите во однос на определувањето на категоријата на субјекти, како и нивните обврски и истите ги имплементира при подготовката на законските и подзаконските прописи. Оттука, обемот на субјекти опфатени со Законот е во согласност со меѓународната легислатива како стандарди на ФАТФ.

Согласно препораките на ФАТФ се дефинираат т.н „назначени нефинансиски бизниси и професии" кои се назначени како ентитети кои задолжително имаат обврска да применуваат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам кои вклучуваат:

а) казина
б) агенти за недвижнини.

в) дилери на благородни метали.
г) дилери во скапоцени камења.
д) адвокати, нотари, други независни правни професионалци и сметководители.
ѓ) даватели на услуги на трустови и правни лица и се однесуваат на сите лица или деловни активности кои не се опфатени на друго место според овие препораки, и кои како деловна активност обезбедуваат која било од следниве услуги на трети страни:

- постапувајќи како агент за формирање на правни лица;
- постапување како (или договарање на друго лице да дејствува како) директор или секретар на компанија, партнер на партнерство или слична позиција во однос на други правни лица;
- обезбедување на регистрирана канцеларија; деловна адреса или сместување, преписка или административна адреса за компанија, партнерство или кое било друго правно лице или аранжман;
- постапување како (или договарање на друго лице да дејствува како) доверител на изрична доверба или извршување на еквивалентна функција за друга форма на правно уредување;
- постапување како (или договарање на друго лице да дејствува како) номиниран акционер за друго лице.

Од друга страна пак заложбите како и напорите на ФАТФ како меѓународно тело за воспоставување на стандарди за борба против перењето пари и финансирањето на тероризам се потврдени и со Резолуцијата 2462 (2019) година усвоена од Советот за безбедност на Обединетите Нации на 8496-тата седница на 28 март 2019 година. Препознавајќи ги глобалните и безбедносни ризици и како и последиците од перењето пари и финансирањето на тероризам Резолуцијата ги повикува сите земји да ги спроведат препораките на ФАТФ, вклучително и стандардите за проценка на специфичните ризици за финансирање тероризам со кои се соочуваат. Покрај тоа, Резолуцијата бара земјите да го криминализираат финансирањето на тероризам во согласност со Препораката 5 на ФАТФ, признавајќи дека земјите мораат да го криминализираат финансирањето на тероризмот, но исто така и финансирање на поддршка на терористички организации и индивидуални терористи за каква било цел, дури и во отсуство врска до специфичен терористички акт.

Усогласеноста на Националното законодавство со препораките на ФАТФ е предмет на мониторинг и евалуација од страна на самата ФАТФ – организација и неговите тела како Комитетот на експерти за евалуација на мерките против перење пари и финансирање на тероризам –MONEYVAL.[1]

---

[1] Комитетот на експерти за евалуација на мерките против перење пари и финансирање на тероризам –MONEYVAL е постојано мониторинг тело на Советот на Европа (и регионално тело на FATF (ФАТФ) – меѓународно тело кое ги воспоставува меѓународните препораки против перење пари и финансирање на тероризам) на кое му е доверена задача да врши проценка (евалуација) на усогласеност на националните законодавства на државите членки со главните меѓународни стандарди за борба против перење пари и финансирање на тероризмот (т.н. препораки на ФАТФ) и ефективноста на нивното спроведување, како и со задача да дава соодветни препораки до националните власти во однос на неопходните активности кон подобрувања на системите. MONEYVAL (поранешно PC-R-EV) Комитетот е основан во 1997 година и неговото функционирање е регулирано со општите одредби на Резолуцијата РЕС(2005) 47 за комитетите и подредените тела. На состанокот на 13 октомври 2010 година, Комитетот на министри ја усвои Резолуцијата РЕС (2010)12 за статутот на Комитетот на експерти за евалуација на мерките против перење пари и финансирање на тероризам (MONEYVAL). Така, со статутот на MONEYVAL од 1 јануари 2011 година ова тело прерасна во независен механизам за мониторинг во рамките на Советот на Европа, кој одговара директно на Комитетот на

Согласно член 5 од Законот се пропишуваат субјекти кои имаат обврска да ги преземаат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам предвидени со овој закон (во натамошниот текст: субјекти).

Согласно член 5 став (1) точката (3) како субјекти се пропишуваат нотари, адвокати и адвокатски друштва кои вршат јавно овластување согласно со закон.
Имајќи ја предвид специфичноста на правната професија односно адвокатурата, согласно членот 7 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишуваат ситуациите во коишто адвокатите и адвокатските друштва имаат обврска да применуваат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам, односно во кои ситуации немаат такви обврски и истите не се сметаат како субјекти.

Така, согласно членот 7 ставот (1) се пропишува дека нотарите, адвокатите и адвокатските друштва кои вршат јавни овластувања согласно со Закон се должни да ги применуваат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во случаите кога даваат правни услуги за нивните клиенти кои се однесуваат на следниве активности:
а) купопродажба на подвижни предмети, недвижности, содружнички удели или акции;
б) тргување и управување со имот;
в) отворање и располагање со банкарски сметки, сефови и други финансиски активности;
г) основање или учество во работењето или управувањето на правни лица, трустови или правни аранжмани и
д) застапување на клиенти во трансакции.

Дополнително, согласно членот 7 ставот (2) се пропишува дека обврските кои произлегуваат од овој закон не се однесуваат на адвокатите и адвокатските друштва кога вршат функција на одбрана и застапување на клиентот во судска постапка.

Оттука член 7 ставот (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам е во согласност со Законот за адвокатурата и во ситуациите кога ги застапува интересите на клиентот.

Согласно членот 8 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишуваат мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам кои вклучуваат:

---

министри. Статутот на MONEYVAL дополнително беше изменет во 2013 година со Резолуцијата ЦМ/РЕС(2013)13 и во 2017 година со Резолуцијата ЦМ/РЕС(2017) 19. Република Северна Македонија е членка на MONEYVAL Комитет при Советот на Европа од 1998 година и досега од страна на Комитетот се спроведени 4 (четири) круга на евалуација на системот против перење пари и финансирање на тероризам (ППФТ) на РСМ (во 1999, во 2003 г., во 2008 г. и во 2014 г.). Во периодот помеѓу основните кругови на евалуации, системот против ППФТ на РСМ е предмет на континуиран мониторинг преку т.н. извештаи за прогрес (Follow up reports), особено во однос на подобрување на оценката за препораките кои во рамки на евалуациите биле оценети како неусогласени или делумно усогласени).

- изготвување на проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам и нејзино редовно ажурирање,
- воведување и примена на програми за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам,
- анализа на клиентите,
- известување и доставување на податоци, информации и документација до Управата за финансиско разузнавање (во натамошниот текст: Управа), согласно со одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз негова основа,
- чување, заштита и водење евиденција на податоци,
- именување на овластено лице и негов заменик и/или формирање на оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам,
- спроведување на внатрешна контрола и
- други мерки кои произлегуваат од одредбите на Законот.

Согласно членот 54 став (1) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишува дека субјектите се должни собраните податоци, информации и документи, да ги достават до Управата кога се сомневаат или имаат основи за сомневање дека:
- било или е извршено перење пари и/или финансирање на тероризам или е направен обид или се прави обид за перење пари и/или за финансирање на тероризам, без оглед на износот на трансакцијата,
- имотот е принос од казниво дело и
- имотот е поврзан со финансирање на терористички акт, терористичка организација или терорист или лице кое финансира тероризам.

Согласно членот 55 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишува дека основите на сомневање од членот 54 став (1) од овој закон, субјектот ги утврдува врз основа на:

- непосредни сознанија,
- листата на индикатори за препознавање на сомнителни трансакции утврдени од Управата, субјектите и надзорните органи,
- консолидираната листа која се води согласно со прописите за рестриктивни мерки,
- проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам и
- други релевантни информации.

Согласно членот 60 став (1) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишува дека податоците обезбедени врз основа на овој закон, вклучително и личните податоци се користат единствено за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Согласно членот 60 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишува дека не се смета за оддавање на деловна тајна или за откривање на класифицирани податоци и информации доставувањето на

податоците од ставот (1) на овој член до Управата и до соодветниот орган на надзор од членот 146 од овој закон при вршење на надзор согласно со овој закон.

Согласно членот 62 став (1) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишува дека нема да се покрене постапка за утврдување на одговорност за оддавање на деловна тајна против лицата или работоводниот орган и вработените во субјектите кои доставиле информации или извештаи во врска со сомнителни трансакции до Управата.

Согласно членот 62 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишува дека не може да се покрене постапка за граѓанска или кривична одговорност против службените или одговорните лица, работоводниот орган и вработените во субјектите, заради настаната материјална или нематеријална штета како последица од задржување на трансакции согласно со одредбите од овој закон, освен ако со таквото задржување се исполнети обележјата на некое кривично дело.

Врз основа на гореизнесеното, со членовите 60 и 62 интенцијата на законадавецот е да ги заштити сите оние субјекти од кривична и граѓанска одговорност кои што пријавуваат сомнителна трансакција или пак не извршуваат одредена услуга, трансакција или активност, а за која пак се сомневаат дека можат да бидат иволвирани или пак злоупотребени за целите на перење пари или пак финансирање на тероризам од страна на своите клиенти.

Согласно членот 64 став (1) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишува дека Управата е единица за финансиско разузнавање на Република Македонија, основана за целите на прибирање и анализа на извештаи за сомнителни трансакции и други информации од значење за спречување и откривање перење пари и финансирање на тероризам и доставување на резултатите од анализата и други дополнителни релевантни информации до надлежните органи кога постојат основи за сомневање за перење пари и финансирање на тероризам.

Согласно членот 64 став (3) Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишуваат надлежностите на Управата за финансиско разузнавање.

Согласно членот 64 став (3) алинеја 13 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам самостојно или во соработка со органите за надзор од овој закон врши надзор над субјектите за примената на мерките и дејствијата определени со овој закон.

Согласно членот 146 став (1) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишува дека надзорот над примената на мерките и дејствијата утврдени со овој закон го вршат органите за надзор во смисла на овој закон и тоа:

- Народната банка на Република Северна Македонија врз банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги на парични дознаки

(брз трансфер на пари) и други финансиски институции кои даваат платежни услуги,

- Агенцијата за супервизија на осигурување врз друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери и застапниците во осигурувањето
- Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија врз брокерските куќи, банки со дозвола за работа со хартии од вредност, лицата кои даваат услуги на инвестициски советници, друштвата за управување со отворени, затворени и приватни инвестициски фондови и на отворените, затворените и приватните инвестициски фондови,
- Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување врз друштвата кои управуваат со доброволни пензиски фондови,
- Управата за јавни приходи врз приредувачите на игри на среќа, правните и физички лица кои ги вршат следниве услуги: посредување во промет со недвижности, давање совети од областа на даноците и правните лица кои вршат дејност на примање во залог на подвижни предмети и недвижности,
- Агенцијата за пошти врз АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“
- Комисија на нотарите во рамки на Нотарската комора на Република Северна Македонија врз нотарите
- Комисија на адвокатите во рамки на Адвокатската комора на Република Северна Македонија врз адвокатите и адвокатските друштва.

Согласно членот 146 став (2) од Законот се пропишува дека Управата врши надзор над примената на мерките и дејствијата определени со овој закон врз субјектите кои не се опфатени со ставот (1) на овој член.

Согласно членот 146 ставот (3) од Законот се пропишува дека Управата самостојно или во соработка со органите од ставот (1) на овој член врши надзор над примената на мерките и дејствијата определени со овој закон врз субјектите.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата за надзор во рамки на Адвокатската комора на Република Северна Македонија покрај Управата за финансиско разузнавање е надзорен орган кој е надлежен да врши надзор над работењето на адвокатите и адвокатските друштва, но исклучиво за начинот на примена на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Законот не пропишува одредби ниту можност или механизми за контрола врз адвокатите и адвокатските друштва за начинот на давањето на правната помош или било која активност со која се навлегува во надлежностите на адвокатурата или се загрозува самостојноста и независноста на адвокатурата.

Оттука, Иницијативата за поведување на постапка за оценување на законитоста на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам е нејасна и не прави разлика помеѓу надлежностите на Управата за финансиско разузнавање во ситуациите кога ги обавува своите надлежности за прибирање на прибирање и анализа на извештаи за сомнителни трансакции и други информации од значење

за спречување и откривање перење пари и финансирање на тероризам и доставување на резултатите од анализата и други дополнителни релевантни информации до надлежните органи, односно надзорната улога на Комисијата за надзор при Адвокатската комора на Република Северна Македонија и Управата на финансиско разузнавање во делот на надзорот кој притоа не се однесува на давањето на правната помош и начинот на давањето на таквата помош, туку на начинот на коишто адвокатите и адвокатските друштва ги применуваат мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Согласно членовите 160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169 и 170 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишуваат прекршочни санкции, односно прекршочни глоби како и забрани за вршење на дејност доколку одреден субјект не применува мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Согласно членот 273 став (1) од Кривичниот законик се пропишува дека тој што ќе пушти во оптек или промет, прими, преземе, замени или раситни пари или друг имот што го прибавил со казниво дело или за кој знае дека е прибавен со казниво дело, или со претворање, промена, пренос или на друг начин ќе прикрие дека потекнува од таков извор или ќе ја прикрие неговата локација, движење или сопственост, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Согласно член 273 став (6) од Кривичниот законик се пропишува дека службено лице, одговорно лице во банка, осигурително друштво, друштво што се занимава со приредување игри на среќа, менувачница, берза или друга финансиска институција, адвокат, освен кога постапува како бранител, нотар или друго лице кое врши јавни овластувања или работи од јавен интерес, што ќе овозможи или ќе дозволи трансакција или деловен однос, спротивно на неговата законска должност или ке изврши трансакција спротивно на забраната изречена од надлежен орган или привремена мерка одредена од суд или нема да го пријави перењето пари, имот или имотна корист, за кое дознало во вршењето на својата функција или должност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Оттука, членот 7 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам е во согласност со Кривичниот законик и каде што исклучокот е во иста насока, кога адвокатите постапуваат како бранители и кога ги штитат интересите на својата странка.

Согласно членот 273 став (7) од Кривичниот законик се пропишува дека службено, одговорно лице во банка или друга финансиска институција, или лице кое врши работи од јавен интерес, кое според Закон е овластен субјект за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, кое неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување на перење пари, ќе се казни со затвор од три месеца до пет години.

Согласно членот 363 став (1) од Кривичниот законик се пропишува дека тој што знае дека се подготвува извршување на кривично дело за кое според Законот може да се изрече казна затвор од пет години или потешка казна, па во времето кога сеуште било можно да се спречи неговото извршување не го пријавил тоа, а делото било во обид или извршено, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Согласно членот 364 став (1) од Кривичниот законик се пропишува дека службено лице кое свесно ќе пропушти да пријави кривично дело за кое дознало во вршењето на својата должност, ако за тоа дело според Законот може да се изрече казна затвор од пет години или потешка казна, а делото се гони по службена должност, ќе се казни со парична казна или со затвор од една до три години.

Согласно членот 364 став (2) од Кривичниот законик се припишува дека со казната од став 1 ќе се казни тој што свесно ќе пропушти да пријави кривично дело од членовите 123, 141, 142, 158, 162, 165, 165-а 186, 187, 188, 215, 216, 231, 232, 236, 237, 238, 258, 259, 268, 269, 273, членовите 305 до 326, 348, 349, членовите 353 до 362, 382, 383, 394, 394-а, 396 и членовите 403 до 422.

Во преамбулата на Уставот на Република Северна Македонија се наведува дека Република Северна Македонија се конституира како суверена и самостојна и како граѓанска и демократска држава:

- да се воспостави и изгради владеењето на правото како темелен систем на власта;
- да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност;
- да се обезбеди мир и сожителство на македонскиот народ со националностите кои живеат во Република Северна Македонија и
- да се обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот.

Согласно членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Согласно членот 13 од Уставот се пропишува дека за прекршоци определени со закон, санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања.

Согласно членот 17 од Уставот на Република Северна Македонија се пропишува дека се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација. Само врз основа на одлука на суд, под услови и во постапка утврдени со закон, може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и на сите други облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката.

Според членот 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Врз основа на гореизнесеното, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам преставува комплексен систем на мерки и дејствија како и начин на функционирање на надлежни органи како и органи на супервизија кои имаат надлежност за надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам. Покрај мерките и дејствијата за спречување перење пари се дефинирани надлежностите на Управата за финансиско разузнавање како разузнавачка единица која има за цел да прибира, анализира и доставува податоци и информации до надлежни органи секогаш кога постојат сомненија за сторено кривично дело перење пари и финансирање на тероризам, која преставува спој помеѓу субјектите кои применуваат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам и органите на прогонот, но Управата за финансиско разузнавање согласно националното законодавство не преставува истражен орган ниту има надлежности како правосудна полиција дефинирани со Законот за кривичната постапка па оттаму, податоците и информациите коишто се обезбедени од страна на Управата за финансиско разузнавање кога ја обавува активноста на прибирање, анализирање и доставување податоци и информации за перење пари и финансирање на тероризам не се користат и не можат да се користат како докази во судска постапка согласно Законот за кривичната постапка.

Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам не е во делокругот на надлежностите на адвокатурата како професија ниту ги пропишува начините на кои адвокатите ја вршат и обавуваат адвокатурата како и начинот на давањето на правната помош. Законот го пропишува сетот мерки и дејствија кои што одредени категории на субјекти (вклучително адвокатите и адвокатските друштва) и под одредени услови се должни да применуваат мерки и дејствија во работењето со своите клиенти.

Прекршочните одредби со кои се пропишува прекршочна одговорност на субјектите кои нема да ги применуваат мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам е во согласност со членот 13 од Уставот на Република Северна Македонија.

Управата за финансиско разузнавање согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам претставува разузнавачка единица која што работи на полето на безбедноста. Согласно член 69 од Законот, директорот на Управата и нејзините вработени подлежат на безбедносни проверки согласно со прописите за безбедност на класифицирани информации, а согласно членот 70 вработените во Управата работат на извршувањето на директните надлежности имаат статус на овластени службени лица. Согласно член 72 вработените во Управата имаат службена легитимација.

Во Иницијативата за поведување на постапка за испитување на законитост на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се наведува

Управата за безбедност и контраразузнавање која нема никаква поврзаност со Управата за финансиско разузнавање, единствено што Управата и Агенцијата за национална безбедност како органи на државна управа согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам заеднички соработуваат заради остварувањето на целите поради коишто се основани.

Врз основа на гореизнесеното, поведената Иницијатива е нејасна, а додека со предвидените предлог решенија во Иницијативата се нарушува принципот на владеењето на правото, темелните вредности на Уставот, правната сигурност како и се нарушува степенот на хармонизацијата на Националното законодавство со законодавството на Европската Унија како и со меѓународните стандарди и препораки коишто се однесуваат на целисходен систем за борба против перење пари и финансирање на тероризам претставен преку мерки и дејствија кои треба да преземаат одредени категории на субјекти, механизми и можности за органите за супервизија, вршење на ефективна и ефикасна супервизија кои како обврски произлегуваат од меѓународните конвенции потпишани и ратификувани со Закон од страна на Република Северна Македонија.

Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019 и 317/2020) е поднесен и усвоен во Собранието на Република Северна Македонија, согласно членовите 79, 135 став (4), 171-а, 171-б, 171-в, 171-г и 171-д од Деловникот на Собранието коишто се однесуваат на закони со коишто се врши усогласување со законодавството на Европската Унија.

Според горенаведено, јасна е оправданоста за постоење на ваков тип на превентивен механизам кој има за цел да влијае позитивно врз заштитата на јавните финансии, платниот промет и стопанството особено кој има за цел да го штити домашниот платен систем и целокупното стопанство од легализирањето на приносите од казниво дело со кое од неправото никогаш не може и не смее да произлезе право, а истиот е во согласност со темелите и духот на Уставот на Република Северна Македонија во насока на гарантирањето на владеењето на правото како темелна вредност со тоа почитување на Уставот и законите, обезбедувањето на мирот како и обезбедувањето на социјалната правда економската благосостојба и напредокот на заедничкиот живот.

Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019 и 317/2020), не е во колизија со другите закони, особено не во оневозможувањето на адвокатурата како професија. Владеењето на правото како темелна вредност подразбира почитување на Уставот и законите, а правната помош не може да се подразбира како правна помош за вршење на со Закон забранети дејствија кое е во согласност и со етиката на адвокатурата. Врз основа на тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение со кое предметната Иницијатива ќе ја отфрли како неоснована.

## Точка 75

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.52/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 став (5) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16), поднесена од адвокат Антонио Стојаноски од Прилеп и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителите му предлагаат на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 4 став (5) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16) од причина што истиот не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9 став 2, член 30 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, односно истите укажуваат на тоа дека во конкретниов случај доаѓа до двојно оданочување на корисниците на одреден недвижен имот и сопствениците на истиот во корелација со корисниците на имотот во сопственост на државата, како и тоа дека секој поединец и државата не се еднакви пред Уставот на Република Северна Македонија, затоа што членот 4 став (5) од Законот за даноците на имот се коси со регулираната материја по однос на сопственост истакната во Законот за сопственост и други сосопственички права.

Во врска со наводите од Иницијативата се информира дека со Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16) се уредува начинот на оданочувањето на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности.

Во членот 4 од Законот за даноците на имот се уредува и дефинира обврзникот на данок на имот на тој начин што:

(1) Обврзник на данокот на имот е правно и физичко лице сопственик на имотот.

(2) Обврзник на данокот на имот е правно и физичко лице корисник на имотот, во случаи кога сопственикот не е познат или не е достапен.

(3) Обврзник на данокот на имот може да биде и плодоуживателот на имотот согласно закон.

(4) Ако имотот е во сопственост на повеќе лица, секој од нив е обврзник на данокот на имот сразмерно на сопственичкиот дел.

(5) Обврзник на данокот на имот е и правно и физичко лице-корисник на недвижен имот во сопственост на државата и општината.

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е и владеењето на правото.

Според член 9 став 2 од Уставот граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.
Според член 51 од Уставот на Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Во контекст на горенаведеното, изрично се укажува на тоа дека по однос на владеењето на правото како темелна вредност прецизирана во Уставот на Република Северна Македонија, Законот за даноците на имот е донесен во потполна усогласеност со Уставот на Република Северна Македонија. Меѓу другото, се укажува и на тоа дека со донесување на Законот за даноците на имот создаден е механизам кој ја подобрува фискалната дисциплина на општините и општинската администрација кои се инволвирани во процесот на децентрализација на власта. Се од претходно наведеното има влијание во насока на спречување на избегнување на плаќањето на даноците на имот во целиот свој опфат, а во заштита на граѓаните и сите физички и правни лица кои редовно ги плаќаат своите давачки и навремено ги исполнуваат своите даночни обврски, а секако, следејќи го примерот на даночната регулатива и даночната политика во земјите во регионот и пошироко.

Во таа насока, доколку се анализира оспорената законска одредба може да се забележи дека главна интенција на законодавецот со донесување на Закон за даноците на имот не е да се дискриминираат одредени групи во општеството, односно поединци и субјекти по однос на плаќање на даноците на имот, туку напротив да се опфатат моментите кои можат или би можеле да настанат, а притоа да се избегне непредвидливоста или можно непочитување и „изигрување“ на законските одредби.

Подносителите на Иницијативата иако укажуваат на тоа дека државата како титулар на сопственост се става во поповолна ситуација на начин што данокот на имот за недвижности кои се во државна сопственост паѓа на товар на закупците и корисниците на тие недвижности, а не на државата како носител на правото на сопственост, сепак во конкретниот случај се смета дека не е земена предвид одредбата од член 8 од Законот за даноците на имот според која данок на имот не се плаќа на недвижен имот во државна сопственост кој го користат државните органи, недвижен имот во сопственост на општината кој го користат органите на

општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје, освен недвижниот имот кој се користи од страна на физички или правни лица.

Наведеното ослободување од членот 8 од Законот за даноците на имот, дополнително укажува на тоа дека недвижниот имот кој е во сопственост на државата или општините, согласно позитивната норматива во Република Северна Македонија, може да се отстапи на користење на правни и/или физички лица. Она што е овозможено како реализирање на облигациони односи со државата/општините, е понатаму предмет на уредување согласно договореното, и она што е уредено со Законот за облигациони односи, и други релевантни прописи. Оттука, правното или физичкото лице кое што го користи и притоа ги ужива придонесите од користењето на недвижен имот во сопственост на државата или општините, се очекува да плати и данок, кој од друга страна претставува јавен приход (приход на општините) – обврска која е пропишана со закон, а е потребна со цел задоволување и непречено реализирање на државните, и потребите на единиците на локална самоуправа како и спречување на нелојална конкуренција во однос останатите субјекти кои се обврзници на данокот на имот.

Врз основа на ваква правна и фактичка состојба, потполно е јасно дека Законот за даноците на имот, не ја оспорува еднаквоста на граѓаните, правните лица и државата по однос на сопственост на недвижен имот затоа што генерално институтот „сопственост" од фискална гледна точка создава и права и обврски. Имено, недвижниот имот кој е во сопственост на државата или општините им го гарантираат правото на располагање со имотот како и на секој правен субјект. Истите имаат право да го отстапат на користење имотот кој го располагаат, па оттука се смета дека член 4 став (5) од Законот за даноците на имот е потполно оправдан и во согласност со одредбите на Уставот на Република Северна Македонија.

Во однос на делот каде се споменува дека горенаведената даночна обврска од член 4 став (5) од Законот за даноците на имот во одредени моменти придонесува за настанување на двојно оданочување, се укажува дека данокот на додадена вредност како општ потрошувачки данок се засметува на прометот на добрата и услугите во земјата и во странство како и увозот на добра, а додека пак данокот на имот се плаќа на недвижниот имот. Согласно претходно наведеното се укажува дека данокот на додадена вредност и данокот на имот претставуваат сосема два различни видови даноци (јавни давачки) кои настануваат во различни моменти и имаат сосема различна суштина. Дополнително, се напоменува дека терминот „двојно оданочување" не е уреден во Уставот на Република Северна Македонија и истиот исклучиво се користи при регулирање на меѓународни односи поврзани со оданочувањето.

Според горенаведеното, јасна е оправданоста за постоење на ваков тип на механизам кој има за цел да влијае позитивно врз наплатата на јавните приходи и обезбедување на фер конкуренција во една пазарна економија, па оттука се укажува на тоа дека Законот за даноците на имот е во согласност со Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му

предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое предметната Иницијатива ќе ја отфрли како неоснована.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Сузана Цветкова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.38/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи во Штип, бр.01-754/1 од 25.6.2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата го оспорува Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи во Штип, бр.01-754/1 од 25.6.2019, односно член 15, точка 1, алинеи 1, 2 и 3 од истиот, со кој се утврдени посебните услови утврдени со Законот за социјална заштита за давателите на услуги во областа на социјалната заштита од категорија А-стручни.

Воедно, подносителот на Иницијативата смета дека со оспорениот Правилник е повреден член 32 од Уставот на Република Северна Македонија и член 197 став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19).

Во Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи во Штип, бр.01-754/1 од 25.06.2019 година, во член 15 е утврдено:

1. Посебни услови утврдени со Законот за социјална заштита за давателите на услугите во областа од социјалната заштита од категоријата А-стручни се:

- Стручни квалификации и работно искуство и тоа:

- за ниво А2 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство во областа на социјалната заштита,

- за ниво А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство во областа на социјалната заштита, и

- за ниво А5 стекнати 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, без, или со најмалку една година работно искуство во областа на социјалната заштита.

Согласно член 197 став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20 и 311/20), давателите на услуги од областа на социјалната заштита од категорија А-стручни треба да ги исполнуваат следниве посебни услови:

- за ниво А1 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку пет години работно искуство,

- за ниво А2 со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство,

- за ниво А3 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство,

- за ниво А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степени најмалку две години работно искуство, и

- за ниво А5 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, без или со работно искуство од најмалку една година.

Согласно горенаведеното, оспорениот член 15 од Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи во Штип бидејќи утврдува како услов работното искуство да биде од областа на социјалната заштита, истиот не е во согласност со Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20 и 311/20) а по укажување од страна на Министерството за труд и социјална политика, Меѓуопштинскиот Центар за социјални работи Штип започнал постапка кон негова измена/усогласување со одредбите од Законот за социјална заштита.

ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи - Штип има доставено Правилник за изменување и дополнување за систематизација на работни места во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи-Штип, бр.01-463/2 од 22.4.2021 година, со кој се отстрануваат одредбите кои не се во согласност со Законот за социјална заштита, поради што Владата му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 15 од Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи во Штип, бр.01-754/1 од 25.6.2019 година.

## Точка 77

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Јасминка Зафирова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.33/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 46 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19 и 267/20), и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека како вработена со Договор за вработување на определено време во ЈУДГ „Вера Циривири-Трена" Штип, се јавила на оглас распишан од истата установа, кој бил за вработување на четири негувателки, три воспитувачки и еден хигиеничар. За работните места била

обезбедена согласност за финансиски средства. Имајќи предвид дека именуваната веќе работела во детската градинка со прекин вкупно две години и два месеци, конкурирала на огласот, но била одбиена. Поради ова, поднела тужба против ЈУДГ „Вера Циривири-Трена“ Штип за трансформирање на работниот однос од определено на неопределено време, пред Основниот суд во Штип, кој ја одбил тужбата. Именуваната потоа вложила жалба до Апелациониот суд во Штип и истиот донел Пресуда со која работниот однос и бил трансформиран во работен однос на неопределено време. Но, Јавната установа каде што работниот однос со претходната Пресуда и бил трансформиран, поднела Барање до Врховниот суд на Република Северна Македонија за ревизија на Пресудата на Апелациониот суд во Штип, по што истата била укината и била потврдена Пресудата на Основниот суд во Штип.

Во Иницијативата, подносителот се осврнува на наводите во Пресудата, образложувајќи ја содржината и сопственото толкување на членот 46 од Законот за работните односи. Дополнително, говори и за начинот на пресудување на Врховниот суд на Република Северна Македонија, односно, според нејзино мислење, погрешната примена на материјалното право од страна на Врховниот суд.

Согласно членот 46 од Законот за работните односи, договор за вработување може да се склучи на определено време за вршење на исти работи, со прекин или без прекин до пет години (став (1)). Договор за вработување на определено време за замена на привремено отсутен работник може да се склучи до враќање на привремено отсутниот работник (став (2)).

Со ставот (3) од истиот член се овозможува работниот однос заснован со договор за вработување на определено време, освен договорот за вработување за вршење на сезонска работа, да се трансформира во работен однос на неопределено време, ако работникот продолжи да работи по истекот на рокот од ставот (1) на овој член, под услови и на начин утврдени со закон.

Согласно ставот (4), по исклучок, работниот однос заснован со договор за вработување на определено време може да се трансформира во работен однос на неопределено време и пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член, ако работникот работи повеќе од две години на работно место кое е ослободено по основ на пензионирање или други основи и за кое се обезбедени финансиски средства, доколку работодавачот утврди дека има трајна потреба од работникот, под услови и на начин утврдени со закон.

Без да се впушта во разјаснување на оспорениот член бидејќи истото не е релевантно се смета дека Иницијативата укажува само на несогласувањето на именуваната со донесената Пресуда од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а не на прекршување на уставните одредби. Имено, во наводите на Иницијативата отсуствува поврзувањето на спорните одредби од Законот за работните односи со одредбите на Уставот на Република Северна Македонија, односно идентификувањето на неусогласеноста на материјалната одредба со уставно загарантираните права на граѓаните.

Во врска со горенаведеното, а од причина што не станува збор за повреда на Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 46 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19 и 267/20).

## Точка 78

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.11599 за КО Волково на КП бр.3528 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 79

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100906, за КО Центар 1, на КП бр.13159, место викано/улица Б.Тодоровски , Имотен лист бр.100914, за КО Центар 1, на КП бр.13158, место викано/улица Б.Тодоровски и Имотен лист бр.100904, за КО Центар 1, на КП бр.13157, место викано/улица Б.Тодоровски и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 80

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.352, за КО Ресен, на КП бр.5395, место викано/улица 29 Ноември и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 81

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 337 за КО Глуво Бразда на КП бр. 3116 викано место/улица „Главичица“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 82

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставено под И.бр.573/21 за продажба на недвижностите-објекти запишани на Имотен лист бр.695 за КО Гиновци и по истото го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 83

1. Владата го избра Блаже Димов за член на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија, ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, на предлог на синдикалната организација.

2. Владата го именува Стево Крстевски за директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

3. Владата го именува Фатон Ахмети за директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

4. Владата го именува Ненад Цветковиќ, досегашен вршител на должност директор на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка за директор на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата ја именува Кети Василевска, досегашен вршител на должност директор на Државниот Управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација за директор на Државниот Управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го именува Горан Герасимовски, досегашен вршител на должност директор на Државниот завод за индустриска сопственост за директор на Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го именува Блерим Идризи, досегашен вршител на должност заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост за заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата ја именува Каљтрина Беќири, досегашен вршител на должност директор на Агенција за квалитет и акредитација на здравствените установи за вршител на должност директор на Агенција за квалитет и акредитација на здравствените установи и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го именува Сенад Амети, досегашен вршител на должност директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа за вршител на должност директор на

Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата на Берат Ајдари му утврди престанок на мандатот член на Надзорниот одбор за супервизија на имплементацијата на системот за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија, заклучно со 3 август 2020 година поради неговиот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

11. Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија. (за претседател и член на Инспекцискиот совет)

12. Владата го избра Арбен Ќерими, досегашен вршител на должност заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности за заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, за период од пет години и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата ја разреши Ангела Васкова Шахпаска од должноста член на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, претставник од Министерството за финансии, на нејзино барање.

14. Владата го разреши Александар Стојановски од должноста член на Одборот за надзор на материјално финансиска контрола на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

    14.1. Владата ја именува Ана Манасиева за член на Одборот за надзор на материјално финансиска контрола на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

15. Владата ја разреши Ирма Мандева од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на нејзино барање.

16. Владата од должноста претседател и членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија ги разреши:

    а) од претседател:

    - Елјеза Јонузи

    б) од членови:

    - Есраљ Сулејмани и
    - проф. д-р Павле Секуловски.

16.1. Владата за претседател и членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија ги именува:

а) за претседател:

- проф. д-р Павле Секуловски

б) за членови:

- Африм Османи и

- Елјеза Јонузи.

17. Владата ја разреши Елена Иванова од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

17.1. Владата го именува Дино Хот за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

18. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје ги разреши:

- Катерина Аврамовска и

- Драги Колевски.

18.1. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје ги именува:

- Александар Стефановиќ и

- Мухамет Исмаили.

19. Владата ја именува Драгица Рисововска за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Виница, стручен работник од Центарот за социјална работа.

20. Владата ја разреши Марија Митрова Насков од должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје.

20.1. Владата го именува Лавдурим Вејселовски за член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје.

21. Владата го именува Христијан Талевски за член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Државното музичко училиште – Битола.

22. Владата го именува Никола Ѓоргиев за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Радовиш.

23. Владата ја разреши Размена Чекиќ - Дуровиќ од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје.

23.1. Владата ја именува Сеида Џигал за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје.

24. Владата го именува Наим Мисини за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

25. Владата го именува Хасан Кадриу за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје.

26. Владата го именува Берат Даути за член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

27. Владата го разреши Зоран Наков од должноста член на Управниот одбор на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје.

27.1. Владата го именува Мухамед Сефери за член на Управниот одбор на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје.

28. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈП „Стрежево“ Битола ги разреши:

- Димитар Пипилевски и
- Мартин Белокозовски.

28.1. Владата за членови на Управниот одбор на ЈП „Стрежево“ Битола ги именува:

- Стевче Стефановски и
- Месуд Рушити.

29. Владата го разреши Благој Трпковски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Битола.

29.1. Владата го именува Борче Пројчевски за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Битола.

30. Владата го разреши Славчо Крстевски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ – Битола.

30.1. Владата ја именува Елена Шалевска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ – Битола.

31. Владата го именува Изет Ризаху за член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Математичко - Информатичка Гимназија.

32. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за водостопанство „Лисиче" – Велес, да го разреши Дејан Арсовски од должноста директор на ЈП за водостопанство „Лисиче" – Велес.

32.1 Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за водостопанство „Лисиче" – Велес, за вршител на должноста директор на ЈП за водостопанство „Лисиче" – Велес да го именува Панче Иванов.

33. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., за вршител на должноста директор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. да го именува Беким Мемеди.

34. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје, да објави Јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје.

35. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот испитен центар.

36. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа.

37. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на ВПУ Воспитно поправен дом – Тетово.

38. Владата го разреши Стојко Пауновски од должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија.

**Точка 84**

1. Владата по Барањето за изменување на Заклучокот бр. 2 донесен по точка 119, а во врска со Договорот за купопродажба на недвижен имот од Шеесет и шестата седница на Владата, одржана на 20 април 2021 година, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2. Се овластува Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за купопродажба на недвижен имот во име на Владата на Република Северна Македонија , во рок од три дена."

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 17 април 2021 година до 23 април 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од

негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 15 април 2021 до 21 април 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

4. Владата на предлог на д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација ги задолжи сите министерства во најкус можен рок до Министерството за информатичко општество и администрација да доставaт одговор по ИПА 2017 проектот „Поддршка за реорганизација за министерствата.

5. Владата се информираше со Статистичкиот извештај за склучени договори за јавни набавки врз основа на Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста за 2020 година на Министерството за одбрана, доставено од Министерството за одбрана под бр.02-1931/3 од 30 март 2021 година.

6. Владата во врска со Задолжението на Работната група формирана за изготвување на методологијата за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди заклучи:

- Се задолжува Работната група формирана со Одлука на Владата на Република Северна Македонија за изготвување на методологијата за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди бр.40-687/1 од 19 јануари 2021 година во состав:

1. Јулијана Петановска од Министерството за финансии, координатор
2. Билент Мустафоски од Министерството за финансии, член
3. Татјана Трајковска од Министерството за финансии, член
4. Тоше Пановски од Министерството за финансии, член
5. Благица Трошанска од Министерството за одбрана, член
6. Асим Селмани од Дирекцијата за заштита и спасување, член
7. Стевко Стефаноски од Центарот за управување со кризи, член
8. Снежана Мешкова од Министерството за транспорт и врски, член
9. Жаклина Недељковиќ од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, член
10. Гоце Петровски од Државниот инспекторат за земјоделство, член
11. Силвана Трбогазова од Државниот инспекторат за земјоделство, член
12. Илбер Мирта од Министерството за животна средина и просторно планирање, член
13. Александар Петковски од Министерството за животна средина и просторно планирање, член.
14. Бобан Илиевски, од Државниот завод за статистика, член
15. Јулијана Бојаџиева од Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, член
16. Драган Аксентиев од Бирото за судски вештачења, член
17. Жаклина Ангеловска од Комората на проценувачи на Република Северна Македонија, член, во рок од 15 дена да ја изготви методологијата за процена

на штети од елементарни непогоди и други непогоди и истата да ја достави до Владата.

Во случај на непостапување на работната група во зададениот рок ќе бидат преземени соодветни мерки за непостапување по зададено задолжение.

7. Владата по Барањето за измена на заклучок од 66-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 април 2021 година заклучи:

- Заклучокот под реден број 5 од Точка 51 од Шеесет и шестата седница на Владата, одржана на 20 април 2021 година, по Информацијата во врска со преземање активности за решавање на статусот на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – Еурокомпозит", АД Прилеп во државна сопственост, да се измени и да гласи:

- „5. Доколку не се успешни преговорите со потенцијален инвеститор и не се реализира заклучокот број 4, во тој случај се задолжуваат органите на управување на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – Еурокомпозит", АД Прилеп во државна сопственост да ги преземат потребните чекори, со цел донесување на Одлука за разрешување на инсолвентноста во која Друштвото се наоѓа подолг период, а преку отворање на стечајна постапка пред основниот надлежен суд.".

8. Имајќи го предвид Извештајот за постапување по однос на задолжувањата, а со цел реализација на мерките од Петтиот сет антикризни мерки кои до сега не се имплементирани, Владата заклучи:

1. За Мерката 4: Ослободување од надоместокот за МУКС

- се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да склучи договор за донација со Агенцијата за електронски комуникации на износ од вкупниот надоместок кој медиумите во Република Северна Македонија го плаќаат по овој основ за 2021 година.

Средствата по основ на овој договор за донација Генералниот секретаријат да ги искористи исклучиво за реализација на оваа мерка, за што да ја извести Владата.

2. За Мерката 13: Фонд за поддршка на извозни компании

- се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Развојната банка на Република Северна Македонија да подготви и до Владата да предложи концепт со методологија и критериуми за воспоставување на фондот.

3. За Мерката 18: Олеснителни услови за 2020 година за 245 компании кои имаат активни договори и потенцијално нови кои ќе инвестираат според Законот за финансиска поддршка за инвестиции.

- се задолжува Министерството за економија да подготви и до Владата да достави предлог на закон за изменување на Законот за финансиска поддршка за инвестиции.

4. За Мерката 22: Бришење на камати по долгови на граѓаните спрема Јавни институции/претпријатија и за даночни долгови.

- се задолжува Министерството за правда, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Управата за јавни приходи и ЗЕЛС да ја операционализираат мерката и до Владата да достават предлог на закон за репрограмирање на даночните долгови на физичките лица со право на отпишувањето на камата.

5. За Мерката 23: Финансиска поддршка за здравствени работници кои биле изоставени со третиот пакет мерки

- се задолжува Министерството за здравство во најкраток можен рок да ја операционализира мерката.

6. За Мерката 24: Временско продолжување на концесии и одложување наплаќање на надомест за лиценци и дозволи за вршење дејности

- се задолжува Министерство за економија, да ја операционализира мерката и за истото да ја информира Владата.

7. За Мерката 27: Финансиска поддршка со креирање т.н. Мечинг фонд за претприемачи Роми

- се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Развојната банка на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена да ја операционализираат мерката.

8. За Мерката 29: Дигитална трансформација на бизнисите

- се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 15 дена да подготовки и распише јавен повик за спроведување на мерката.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија да подготви и за наредната седница на Владата да достави соодветно изменување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, со цел продолжување на одредени концесии склучени во одредено време под одредени услови (во однос на ТАВ).

9. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од два дена да го објави Јавниот повик за финансиска поддршка на угостителите регистрирани со шифри на приоритетна дејност: 56.10, 56.29, 56.30 со цел операционализација на Мерка бр. 3 од шестиот сет економски мерки.

10. Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции заклучи:

1. Владата ќе обезбеди стручно мислење од консултантска куќа со искуство во изработка на физибилити студии за можностите за приватизација/продажба односно реструктурирање и рехабилитација на претпријатија во потешкотии за потребите на донесување одлуки во врска со Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје и „Железници на Република Северна Македонија Транспорт“, А.Д. Скопје.

2. Се задолжува Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе сите потребни активности за спроведување на постапка за ангажирање на консултантска куќа која ќе предложи модел за реструктурирање на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, како и да обезбеди техничка и стручна поддршка за претпријатието во постапката за реструктурирање до конечно завршување на процесот, согласно моделот потврден од страна на Владата.

3. Се задолжува Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе сите потребни активности за спроведување на постапка за ангажирање на консултантска куќа која ќе предложи модел за реструктурирање на „Железници на Република Северна Македонија Транспорт“, А.Д. Скопје, како и да обезбеди техничка и стручна поддршка за претпријатието во постапката за реструктурирање до конечно завршување на процесот, согласно моделот потврден од страна на Владата.

4. Се задолжува Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена од денот на завршување на постапката за избор на консултантска куќа од заклучоците бр.2 и бр.3 да ја информира Владата за прогресот на активностите за ангажманот на консултантска куќа.

11. Владата го разгледа Барањето за решавање на проблемот со приемниот испит на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, го прифати Барањето и го задолжи Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, согласно Законот за јавни набавки да побара од Бирото за јавни набавки согласност за склучување на непосредна спогодба со субјект, кој ќе го хостира, односно администрира практичниот дел од испитот, со софтверот, сопственост на Владата на Република Северна Македонија, со цел да се доврши уште една единствена фаза од приемниот испит на Академијата, која сè уште не е довршена.

12. По повод одбележувањето на 4 мај, денот на загинувањето на македонскиот револуционер и борец за слобода, Гоце Делчев, Владата заклучи:

- делегација предводена од Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, во состав: д-р Ирена Стефоска, министер за култура и д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да положи цвеќе на цвеќе на саркофагот во кој се сместени посмртните останки на македонскиот револуционер и борец за слобода Гоце Делчев, во црквата „Св. Спас“ во Скопје, на 4 мај 2021 година, во 9:30 часот.

- се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежо цвеќе – икебана кое ќе го достави до претходно наведената локација.

- се задолжува Секторот за односи со јавност да организира тим од официјални фото и видео и да подготви медиумски пакет за јавноста.

- се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

13. Владата ја разгледа Информацијата за вкупно пријавени штети, согласно Елаборатите доставени од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди формирана од Владата на Република Северна Македонија, согласно Законот за заштита и спасување во 2016, 2017 и 2018 година, а за кои нема донесено никаква одлука за надомест и го задолжи Министерството за одбрана да достави до Владата предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, каде што во преодните одредби ќе се вградат предложените решенија согласно Информацијата.

## Точка 85

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Биро за развој на образованието (Сметка на основен буџет - 637, Сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787, Сметка на буџет на донација - 785-Е9-ЕРАЗМУС+„Физичко образование“, Сметка на буџет на донација - 785-00-УНИЦЕФ, Сметка на буџет на донација - 785-Ф3-УНЕСКО и Сметка на буџет на донација - 785-Д4-Еразмус +„Математика и природни науки“), како материјали за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Бирото за развој на образованието, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Биро за развој на образованието (Сметка на основен буџет - 637, Сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787, Сметка на буџет на донација - 785-Е9-ЕРАЗМУС+„Физичко образование“, Сметка на буџет на донација - 785-00-УНИЦЕФ, Сметка на буџет на донација - 785-Ф3-УНЕСКО и Сметка на буџет на донација - 785-

Д4-Еразмус + „Математика и природни науки"), во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 86

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на Управата за водење на матичните книги (Сметка на основен буџет 631 и Сметка на Основен буџет 637), како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи:

- Се задолжува Управата за водење на матичните книги да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на Управата за водење на матичните книги (Сметка на основен буџет 631 и Сметка на Основен буџет 637), во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 87

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Владино планирање ефективност на владини мерки за справување со ризиците на пазарот на трудот и начинот на планирање на средствата за надминување на истите", како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Владино планирање ефективност на владини мерки за справување со ризиците на пазарот на трудот и начинот на планирање на средствата за надминување на истите", во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за кредитните барања кои ги исполнуваат условите (Список 9 и Список 10) за кредитирање по Јавниот повик бр. 1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента („Ковид 3" кредитна линија), како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за проект „Вложување во младински центри, инфраструктурно и програмски“, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за регистар на младински организации, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за инклузивно вклучување на лица со попреченост во сите сегменти на спортот, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Државниот Управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведување на одредбите од Законот за административни службеници како и врз основа на прописите донесени врз основа на Законот за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата го разгледа Извештајот за спроведено оценување на лиценцираните медијатори за нивното работење во 2017 и 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година, со табеларен преглед, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Годишната програма за генерички обуки за административни службеници за 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 97

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на надградба на системите на Министерството за здравство – Управа за електронско здравство и приклучување на платформата за интероперабилност (МИМ), како материјал за информирање.

## Точка 98

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

Условно ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Чашка;

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ – Дебрца;

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Крива Паланка;

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид;

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Свети Николе;

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Маврово Ростуше;

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Делчево;

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Демир Хисар;

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп;

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Долнени;

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај и

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Вевчани, поради потребата текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, предлагачот да обезбеди мислење од Министерство за финансии – Управа за имотно – правни работи.

**<u>Точка 99</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за финансиска поддршка на домашно производство на масло за јадење од сончоглед за домашен пазар, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и условно, доколку Министерството за финансии даде позитивно мислење по истото, донесе соодветен акт за финансиска поддршка на домашно производство на масло за јадење од сончоглед за домашен пазар кој да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 100</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на Друштвото за производство и промет на земјоделски производи „Каба хербал“, ДОО, Скопје, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на „Каба хербал“ ДООЕЛ, Скопје, во предложениот текст.

**<u>Точка 101</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на регионални центри за Ковид-19 вакцинација (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Министерството за образование и наука и општините Битола, Охрид, Штип, Кавадарци, Тетово и Куманово, да го координира спроведувањето на неопходните активности за формирање на регионални вакцинални пунктови за масовна вакцинација против Ковид-19 во градовите Битола, Охрид, Штип, Кавадарци, Тетово и Куманово.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана да организираат физичко обезбедување на објектите во кои се сместени регионалните центри во градовите Битола, Охрид, Штип, Кавадарци, Тетово и Куманово.

3. Се препорачува на општините Битола, Охрид, Штип, Кавадарци, Тетово и Куманово и Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип во рок од 3 (три) работни дена да подготват и до Владата да доставаат предлог-одлуки за престанок и давање на времено користење недвижна ствар без надоместок на јавните здравствени установи здравствени домови/општи болници со проширена надлежност во градовите Битола, Охрид, Штип, Кавадарци, Тетово и Куманово спортските сали,

заради формирање на регионални вакцинални пунктови за масовна вакцинација против Ковид-19 во градовите Битола, Охрид, Штип, Кавадарци, Тетово и Куманово, согласно Планот за отворање на регионални пунктови за вакцинација против Ковид-19 од масовен карактер.

4. Се препорачува на општините Битола, Охрид, Штип, Кавадарци, Тетово и Куманово да учествуваат во уредување на вакциналниот пункт во соодветните сали и тоа со поставување на пунктови за вакцинација, поставување на мебел (маси и столици и други пропратни содржини околу пунктовите за вакцинација), соодветна компјутерска опрема (компјутери, печатари, мрежно поврзување и интернет конекција), соодветни агрегати за електрична енергија за потребите на фрижидерите за чување на вакцини, соодветно означување и насоки за движење кон и од пунктовите како и во рамките на пунктовите, обезбедување на административни лица за работа во пунктовите и др.

## Точка 102

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Преспанско Езеро".

2. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Преспанско Езеро".

3. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Крушевска".

4. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински".

5. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Треска 2 - Бродски".

6. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Крива Река 1 - Кривопаланечки".

7. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Даљан“.

8. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски Слив“.

9. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“.

10. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“.

11. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“.

12. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница - Делчевски“.

13. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“.

14. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“.

15. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“.

16. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Водоча“.

17. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на одлуките со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 103

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за укинување на увозната давачка-царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и

живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени и условно, доколку Министерството за финансии даде позитивно мислење по истото, ја донесе Одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени која да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 104**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за избор на Национален координатор за имунизација на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 105**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници, Сељатин Бељули, државен секретар во Министерството за образование и наука и Маја Бичиклиска, државен советник во Министерството за образование и наука.

**Точка 106**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 107**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на  Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:35 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**